СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од **Третото** продолжение на Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на **28** јануари 1998 година

Скопје, јануари 1998 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 84 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28 .I. 1998 г.**

Дневен ред:

Стр.1 - Продолж. по претрес.по Законот за култура..

Точка 7-стр.98 - Предл. за донес.на Зак.за основање ЈП за пренос и емиту РТ програми..

Дискутанти :

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 94
2. АБДИ ФАИК - 39
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 25, 32
4. БУЉАЛИ МЕРСЕЛ - 35, 39
5. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО - 1
6. ИБРАИМИ САМИ - 5, 9
7. КОЦВВСКИ АЦЕ - 65, 70, 80, 99
8. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 25, 52, 54 ( води сед.и диск)
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 ( води седн )
10. ПАВЛОВ БОРИС - 23
11. ПУРДЕ НАЏИ - 33
12. ПЕТКОВСКИ БРАНКО - 102, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111 ( зам.мин.за сообраќај и врски)
13. РАМАДАНИ САЛИ - 59, 61
14. РАМАДАНИ ХИСЕН - 14, 17
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 81
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 9
17. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈ - 17
18. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 44, 47
19. ТРАЈАНОВСКА НКОЛИНА - 48
20. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 89

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение од Осумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 јануари 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 84-тата седница.

Пратениците: Зоре Темелковски, Игнатие Богдановски, Никола Г. Поповски, Атанас Вангелов, Маријан Начевски, Ристо Масев, Јане Ангеловски, Мирко Иванов, Драгољуб Поповиќ, Слободан Богдановски, Благоја Стојковски и Владимир Соколовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми во ваше и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Ристо Николовски и да му посакам добро здравје и успех во работата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување за законска културата.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Културата во Република Македонија во последниве години беше на маргините на интересите на државата, иако таа е многу

иако таа е значајна гранка за афирмација на духовните достигнувања на еден народ, како и за зачувување на идентитетот и самобитноста поради што е неопходен постојат развој на творештвото, културните институции и манифестации од национален интерес. Затоа државата треба да обезбеди услови за нормално функционирање на истите. Се надевам дека тоа е и целта на овој закон.

Каква е состојбата на културата во овој момент:

Имаме застарена законска регулатива, несоодветна во новите услови на живеење. На пример Законот за заштита на спомениците на културата е уште од 1973 година. Законот за музејска дејност е од 1979 година и сл.

Понатаму, имаме руинирани објекти и простории за работа. Несоодветно технично технолошка опрема, апсурдно наградување односно ненаградување на творците. Недостиг на финансиски средства. Пропаѓање на споменичниот фонд заради ненавремено интервенирање итн. Всушност сето ова беше прикажано на филмот, а по повод информацијата за актуелните состојби во областа на културата, подготвена од Министерството за култура, која информација беше разгледана од страна на Собранието на РМ и притоа беше донесе заклучок за поинаков третман на културата, како и неопходноста од надминување на тешката состојба во истата.

Сигурно, со Законот за културата ваквата состојба нема да биде надмината наеднаш. С е надевам дека тоа ќе биде добра основа за постепено разрешување на проблемите во културата и со тоа културата да дојде на она место што го заслужува.

Верувам дека Законот ќе овозможи зачувување на културните вредности наследени од минатото, развивање и негување на супкултурите. Ќе обезбеди развој на културата низ активните фази на културните движења во општеството. Ќе обезбеди услови за поинакво и поактивно творечко ангажирање на младите во сите сфери на културата

и секако треба да дејствува мотивирачки на интелектуалниот потенцијал во РМ.

Сите веруваме дека Законот ќе измени многу нешта во областа на културата се разбира во позитивна смисла.

Сите ќе се согласиме дека овој закон многу доцни но од друга страна знаеме дека, кога се создава држава односно кога се менува општествено политичкото уредување на една држава, нормално е да се носат закони од другите области. Но, непримерно е да се заборават оние кои придонесуваат за афирмација на РМ преку културата, а преку неа за РМ се слушна пошироко. Сепак добро е што законот дојде на дневен ред и можеме да ги изнесеме своите размислувања по тој проект.

Овој закон е важен, покрај за оние кои се директни учесници во создавањето на културата, исто така е важен и за целокупната јавност, бидејќи секој граѓанин на РМ е заинтересиран културата да биде на повисоко ниво.

Деновиве јавноста е разбранувана по овој повод, по повод излегувањето на Предлог на закон во печатот. Слушнавме и прочитавме најразлични коментари по тој повод од негативни до крајно позитивни. Сепак добро е што процедурата за неговото донесување почна. Затоа и постојат повеќе фази при донесувањето на законите. Верувам дека Министерството за култура т.е. Владата на РМ како предлагач на законот ќе има слух да ги слушне и внесе во втората фаза сите позитивни размислувања за подобрување на законот. Во тој правец малку размислувам односно предлагам да се преиспитаат одредбите од следните членови

Членот 5 став 3, каде установите се ослободуваат од данок на добивка. Сметам дека ова се регулира со друг закон.

Во поглед на основањето на националната установа, јас се определувам на алтернативата на став 2 од членот 31 т.е. основач да биде Собранието на РМ.

Сигурно дека треба да се преиспитаат и членовите 99 кој што го регулира работниот однос во националната установа и чл.102 кој го регулира правото на штрајк на вработените во националните установи.

Покрај овој закон мошне брзо, се надевам треба да бидат донесени и посебни закони по дејности, бидејќи дејностите во културата, секоја сама за себе си е специфична во својата работа. Во тој правец посебно ќе ги издвојам, Законот за музејска дејност, како и законот за заштита на културното наследство како дејности од исклучително значење за создавањето и развојот на македонската држава.

Се надевам дека Владата односно Министерството за култура ќе ги земе предвид моите сугестии и ќе ги предложи законите за овие дејности.

Дека за културата идат подобри денови зборува и фактот што Буџетот за културата за 1998 година во однос на 1997 година е зголемен кза 18,49% што дава надеж дека предвидените средства ќе обезбедат услов за развој на културата во сите свои сегменти. Во тој правец ќе го споменам и обраќањето на претседателот на РМ г-динот Киро Глигоров пред Собранието на РМ на 83-тата седница, каде меѓу другото упати апел за менување на системските и материјално-финансиските услови за развој на културата, односно таа да добие местото што нужно и природно и припаѓа како најдостоинствен израз на творечкиот идентитет на еден народ.

Законот за култура промовира граѓански концепт. Тој не прави разлика по национална, верска или друга припадност, што уште повеќе добива во значење, а со самото тоа е прифатлив за мене, а се надевам и на пошироката јавност.

Сето тоа дава една солидна основа за регулирање на прашањата од областа на културата како и разрешувањето на проблемите. Со тоа на културата во РМ и претстои период на сопствено преиспитување и аналогно на тоа вреднување кај нас и пошироко. Верувам дека културата ќе го положи испитот пред кој се наоѓа.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата.

Уште на стартот да нагласам дека редовно ја следам положбата на културните дејности во РМ и знам дека Министерството има полни раце работа, но за жал празни раце материјално да ги реализира своите цели и да ја реализира годишната програма.

Вчера и денес расправаме за Предлог законот за култура што ако се земе во целина би требало да претставува еден од поважните закони. Кога го велам ова, пред се мислам на културата која претставува важен фактор за една земја, за нација, па и за поединци. Зборот култура, исто така претставува широк поим, тоа е целина на достигнување на еден народ на една држава па и на човештвото во целина, на полето на општествениот развој, мислам духовно и материјално. Културата и степенот на достигнувањата и развојот во една одредена етапа, полето на општествениот развој што во себе го вклучува и сестраниот развој на уметноста, јазикот, литературата, науката, со еден збор целиот духовен живот. Неблагодарно е човек да се префрли да најде соодветна дефиниција за културата бидејќи на секоја дефиниција може да се додаде или да се одземе некој збор, па сепак дефиницијата да биде логична и прифатена. Но, секогаш, за секоја дефиниција постои едно прашално зборче, тоа е зборот "но" како што често се вели но може ли и вака но може и така и така натаму.

I/6

Јас лично културата ја сфаќам како степен на развој што го достигнал еден народ, група на луѓе или поединец во одредени полиња на дејноста. За дејностите во културата можеме да дискутираме со часови, како што можеме да зборуваме и за содржината на овој предлог закон и за неговото образложение. Но, јас ќе се задржам само во неговите два предложени члена и тоа член 9 и 10 односно за националниот интерес во културата и националната програма. Сето ова е извонредно напишано во предлог законот, немам ништо против тоа, тоа треба да се реализира. Но, мојата забелешка е, во текстот после стои дека сето тоа е добро обмислено и треба да се прифати и реализира. Но што станува со некои општини во Републиката кои не можат да имаат континуитет во вршењето на културните дејности, бидејќи за тоа ниту имале, а ниту имаат услови, вклучува^и ја тука една од поголемите општини во РМ, општина Чаир каде нема ниту еден дом на културата, а да не зборуваме за некој театар или музеј.

Општината Чаир заедно со општините Шуто Оризари и Чучер-Сандево има над 100 илјади жители а нема ниту една културна институција

Во подрачјето на општина Чаир егзистира еден културно историски спомен но тој од ден на ден од година на година се руинира и помладите генерации скопјани, ниту знаат дека во општина Чаир пости овој културно историски спомени, а тоа е Римскиот аквадукт, или за нас скопјани популарниот римски водовод, далеку од нашите очи, многу блиску. Тоа е до Касарната кој се распаѓа, како што се распаѓа за жал, и Стара-Нова Бања која е во најблизок комшилук со ректоратот односно трите факултети на Скопскиот универзитет.

Во членот 9 стои:"национален интерес во културата". Во текстот подолу стои "заеднички интерес за граѓаните во Републиката". Ако е вака зошто тогаш не стои државен интерес во културата што би

ги опфаќал сите граѓани на РМ, значи сите националности. Затоа предлагам, предлагачите на законот да ја имаат предвид оваа забелешка и да најдат некој соодветен наслов за оддел еден односно член 9.

На членот 10 му претходи насловот - Национална програма.

По мое мислење тука треба да стои државна програма за културата. Тука немам забелешка и не сум против развојот на културата на македонскиот народ, но со оглед на токму мултикултурноста, мултиетничноста, мултијазичноста итн. на РМ, треба да се подготви некоја програма и за националностите што живеат во Македонија, вклучувајќи ги тука и албанците кои во текот на годината имаат неколку културни манифестации, но сеуште надвор од покровителството на Министерството за култура. Тоа се: фестивалите Кангео во Струга, Шари К'ндов -Тетово Нота-фест Скопје, фестивалот со староградски песни Дебар. Албанците во Македонија имаат само една половична културна установа. Тоа е театарот на националностите основан пред 50-години. Ако тогаш на албанците им требало театар и основан е театарот, тогаш ние не сме се развиле. Затоа барам еден таков театар или театарот веќе постои во Тетово, работи, но со една мала волја да се институционаоизира, да се професионализира и да се финансира бидејќи колку што јас знам тие барале да бидат регистрирани, но одговорот бил дека по новиот закон ќе видиме нешто, па ве молам нека се предвиди такво нешто.

Во овој момент албанците во РМ имаат десетици и десетици културно-уметнички друштва. За жал тие парцијално можеби се финансираат, не сум сигурен, но знам дека ни една од нив не е професионално финансирана, а две културно уметнички друштва во Скопје КУД "Емин Дураку" и КУД "Ибе Паликуќа" ве изверувам дека треба да бидат најмалку полу професионални ансамбли, бидејќи добрите познавачи на албанската музика на албанскиот мелос на албанскиот фолклор на албанската песна велат дека овие две културно уметнички друштва во

моментот се најдобри им нема рамни ни во Албанија ни во Косово така да би требало едната од нив да биде професионална.

Полупрофесионалниот или професионалниот ромски театар "Пралипе", поради немање услови во Шутка и Чаир делува во странство Германија и колку што сум известен многу успешно.

Значи во членот 10 со програмата да се предвиди еден театар во Тетово или некаде во Западна Македонија, едно професионално културно уметничко друштво "Емин Дураку" или "Ибе Паликуќа" да се финансираат горе споменатите фестивали и тоа да се основа еден институт за фолклор, етнографија, музика и тн. за албанците.

**САМИ ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Во Програмата треба да влезат и реалните барања и потреби за развојот на културните дејности и на другите националности, како што се Турците, Ромите, Србите, Власите и тн.

Издавачката дејност на јазиците на националностите во споредба со македонскиот е навистина во недозволиво,смешна и понижувачка положба. Јас самиот сум бил одговорен уредник на издавачката дејност во "Флака", па мака сум мачел со тоа.

И на крајот ве уверувам дека никој нема ништо против развојот на културните дејности на македонците, но дајте да создадеме простор и другите националности да можат поквалитетно, помасовно и поактивно да ги развијат своите културни дејности, а тоа може да се реализира само со предвидена програма.

Членот 10 односно од членот 10 се бара да се предвиди во програмата градење на домови на културата и некоја театарска куќа и тн. Со тоа културниот мозаик на Македонија би бил поквалитетен, поколоричен, пооплеменит и покултурен. Нека биде ова една добронамерна забелешка до составувачите на Предлог-законот за културата кои сеуште можат да го корегираат некој пропуст што се однесува до членовите 9 и 10.

Се надевам на крај на научно правен и културен пристап кон овој Предлог-закон за културата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, добро е што се носи овој закон иако како што многу од дискутантите рекоа,задоцнето. Но, сепак, законот е пред нас и

тој предизвика големи разгранувања во јавноста. Сите сме сведоци дека присуствувавме на еден голем број на размислувања преку медиите и во Комисијата за култура каде што голем допринос дадоа луѓето кои дикректно работат во културата, посебно до нас стасаа и некои текстови кои се за почитување, како што се: Мислењето на господин Владимир Милчин, мислењето на Софам-Сојуз на фолклорните ансамбли на Македонија, потоа Заедница на домовите на културата, Ристо, Јован, од Републичкиот завод за заштита на спомениците, тројката со многу оригинален наслов Панчевски Мартин, Василев Киро и Гелев Димитар кои веројатно претставниците и изготвувачите на овој закон ќе ги имаат во предвид.

Реков дека овој закон доцни и навистина доцни. Дозволивме многу време да помине, а овој закон да се носи сега во прва фаза.

Во причините за донесување на овој закон е констатирано дека Владата овој закон требаше да го донесе и во својата програма за 1997 година веќе требаше да го донесе, а ние сме на правата фаза. Значи ќе имаме уште многу работа.

Не треба да кажувам колку е важен овој законски проект, многу од колегите пратеници рекоа, меѓутоа, јас ќе кажам неколку бројки кои се во текстот дека околу 300 институции од кои 170 низ Македонија целосно се финансираат од Министерството за култура, односно од Буџетот: Можете да замислите кога ќе направите математички модели колку луѓе се зависни и живеат од културата. Дозволивме долго време овој период на транзиција каде што немавме закони кои ќе соодветствуваат со Уставот и со ново настанатите промени во државата - Република Македонија како самостојна држава понекогаш многу субјекти во оваа сфера да делуваат со закони кои се многу одамна и кои носат рецидиви, како што рече министерот, и сеуште самоуправувањето е присутно во

II/3.-

нашите институции и во нашата култура, допринесе понекогаш установите да дојдат до таква состојба да преживуваат, а некои организации се однесуваат уметнички само за да преживеат бидејќи навистина таа трансформација сеуште не се направи.

Еве сега носиме, како што рече министерот, и некој друг устав за културата, комплексен закон кој јас лично мислам дека е закон кој што е подготвен многу внимателно и за мене е оригинален текст. Ова за разлика од претходните закони како што знаете сите кои беа во Бившата Југославија кои дефинираа поедини дејности како што беше Законот за филмска дејност, за издавачка дејност, за библиотечна дејност и тн. Со овој закон се предвидува сите нешта кои се сродни или исти се потврда во еден комплексен односно системски закон.

Досега кажав убави работи, да кажам и нешто на кое што треба да внимаваат изготвувачите, имаат време. Конкретно ќе биде за националната програма, таа требаше да претходи или заедно да се носи со Законот за култура. Таа како што е дадена во текстот треба шест месеци да биде предложена пред ова Собрание, шест месеци по донесување на овој закон. Ова имплицира многу нешта, бидејќи вие сите знаете дека изборите се оваа година и сега една национална програма која се носи ќе завлезе во оваа Влада, кога ќе дојде и новата. Треба да се размисли дали оваа национална програма која треба да се донесе, дали требаше да претходи или да биде заедно носена.

Исто така, треба да се каже дека во член 11 се вметнуваат во реализацијата на националната програма да учествуваат и некои државни органи и тука тоа мислам треба да се избрише бидејќи некои фантомски државни органи не постојат. Постојат некои дефинирани структури ко1 треба да ја реализираат оваа програма и мислам дека тоа треба да отпадне како член 11 и да не се дава можност за да се размислува така, на некој друг начин.

II/4.-

Во член 13, Совет за култура, тоа е стручна и советодавна функција, мислам дека тоа е во ред, меѓутоа дали тие 13 кои ќе бидат предложени од министерот, дали нема да бидат орудие на министерот, многу силно орудие бидејќи тој ги менува, тој ги назначува. Мислам дека треба да се размисли ако веќе имаме и советодавна функција, дали во тој совет треба да влезат некои истакнати луѓе од културата во оваа држава, малку да ја разубават, мислам во стручна смисла таа комисија и да дадат тон, а воедно и да го малку контролираат министерот, бидејќи ако министерот ги предлага и ги бира,стручниот совет треба програмата да ја напише, да ја следи нејзината реализација и знаете дека секако, човечки е малку да бидат благонаклонети према министерот, да задоволуваат како тој ќе се постави. Мислам дека ова би требало да се почитува.

Член 10, дали Програмата треба да ја носи Владата. Мислам дека за ова апсолутно, националната програма, дадена е алтернатива, тука сум дециден и мислам дека Собранието е тоа бидејќи се работи за програма која е од национален интерес, тоа е одраз на културата, одраз на се што е во оваа држава а Собранието како највисок дом треба да биде тоа составено од разни партии, од разни видувања и тоа да биде она што ќе ја потврди програмата. И, сите други членови кои се оптоварени со тоа дека Владата треба да учествува каде што е дадена алтернатива, треба да размислиме и мислам тоа да биде Собранието. Се мисли на член 31 на формирање на национални установи. Значи, апсолутно, исто приоритет давам на Собранието како највисок законодавен дом.

Во член 43, Управен одбор треба да има и претставници од Собранието. Мислам дека Управниот одбор треба да биде составен покрај претставници, нека бидат претставници од внатре од институцијата, меѓутоа предлагам во таа група да влезат и претставници од Собранието, таа екипа да биде од повеќе различни институции составена.

II/5.-

Да кажам малку и за компетенциите на министерот. Јас неформално сношти му реков и сега морам званично тоа да го кажам, читајќи ги тие компетенции јас нема да бидат таков ситничар, вие сигурно сте го следеле текстот меѓутоа компетенциите на министерот се огромни. Јас секогаш се залагам во животот компетенциите да бидат на оној кој е главен, да бидат големи. Ова го велам затоа што ако сакаме оној што ја врши функцијата мора да има компетенции, меѓутоа мислам дека во овој закон е претерано. За компетенции кои не се од стратешки интерес и за кои не треба министерот да губи време, јас ќе ги набројам, тоа е за луѓето кои учествуваат во изготвувањето на овој закон, а тоа се член 10, член 23, член 51, член 56 и член 116. Член 116 мислам дека е во коалиција со Уставот на РМ каде што некои самостојни уметници се издвојуваат и дава право да можат да користат некои бенефиции различно од другите свои колеги последните пет години.

Исто така, реков забележани се компетенции со кои министерот не треба да се бави, да давам мислење, дали ова е од обласа на култура та или не е, за некои концесии кои треба да се доделуваат. Мислам дека некои работи треба да се отфрлат од неговите ингеренции.

Тоа се забелешките. Јас секогаш сум краток, сега ќе кажам членовите на Комисијата инсистираат да се донесе закон и во тоа успеавме. Мислам дека нашите настојувања овој закон да се донесе вроди со плод. На крајот на краиштата и претставниците и јас лично на ЛДП и критички се осврнавме за работите во сверата на културата, но тоа го дадовме како допринос и се покажа и овој пат дека опозицијата особено ЛДП допринесува тој закон да се донесе односно да се убрза процесот за донесување на закон како што се случи и на крајот на краиштата да се донесе квалитетен закон како што е овој предлог закон.

Благодарам.

II/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакав само неколку сугестии по однос на предлогот за донесување на закон. Со оглас дека Законот е секако една сеопфатна материја која што ги опфаќа сите свери на културата, сите ние, а посебно јас не сум квалификуван за сите нив да кажам нешто поодредено. (со седницата продолжи да раководи потпретседателот Џеладин Мурати во 12,20 часот.)

Повторно сум во дилема во смисла на, условно да речам појдовните термини во самиот закон кога се работи за интересот, за Програмата за установите. Што би биле најдобро, најпогодно, не за сега туку и за перспектива, дали терминот национален, дали терминот општествен, дали терминот јавен, дали терминот државен.

Укажувам на тоа затоа што и во јавната дискусија досега што ја имаше но и овде дојде до израз тоа што сите го знаеме, го чувствуваме. Јас ја примам дефиницијата што е дадена во член 9 во смисла на тоа дека националниот интерес во смисла на овој закон се сваќа заедничкиот интерес на сите граѓани во Македонија и мислам дека тоа веројатно ќе и припадне иднината на такво поимање на таа категорија. Меѓутоа, објективно тоа сега не така, особено кај нас на Балканот. Веројатно така сме информирани, кој знае, можеби и погрешно сме информирани досега, но во секој случај по имањето на граѓаните како национална заедница во смисла на државна заедница мислам дека и во Македонија и на Балканот ние сме сеуште многу далеку. Сеуште останува предоминантно доживувањето и кај едни и кај други дека национално е само негово, а овие другите дека се исклучуваат. Се додека е така јас сакам да укажам дека тоа не е добро ни за Законот ни за општеството.

II/7.-

Тоа уште малку да го проучиме, да објасниме евентуално и дотолкуваме. Рековме порано дека ова важи за други прилики,воопшто а посебно за овој закон затоа што, видете, културата во Македонија може да стане грижа за сите. Културната состојба и амбиентот во Македонија на граѓаните во смисла на тоа како подем во кој и дел на граѓаните да имаме негрижа односно не е проблем само на тие што се напред или назад во културна смисла. Него е проблем на сите граѓани во Македонија каков културен амбиент живеат и каков културен амбиент создаваат за својот развој. Пример да земам некои културни домети се и услов за интегративните процеси во Европа и во другите асоцијации во светот. Ние не можеме во тој дел на така да кажам партиципирање во светски рамки да партиципираме само со еден дел на населението или со еден дел на културата создадена во Македонија. Ние можеме таму да се претставиме како Македонија само со севкупна култура создадена од сите граѓани на нашата земја. Оттука, сега ќе почнам сега нешто друго што ми беше прашање за сугестија која би ја предложил.

На неколку места во законот се употребува заложбата позитивна мислам за рамномерен развој на културата. Јас тоа особено сакам го поддржам, меѓутоа барам и некои содржини во таа одредба и определба која што ќе ги каже нашите потреби за рамномерен развој и во регионална и во национална и во други специфични облики со кој Републиката се одликува. Инаку не ја сваќам верувам дека и законодавецот не мисли така дека на тој збор мисли само на регионалниот, иако ќе кажам и за тоа нешто. Него мисли и за други структурални облици на културата нивен рамномерен развој па и во национална смисла. А тука рамномерностите се очигледни. Оние што се објективни можеби и можеме да ги разбереме, меѓутоа тие субјективните се треба што порано да се елиминираат.

Тие не бараат многу елаборации, но ќе бидат потребни тие елаборации при донесување на програмата за општиот развој на културата во Републиката.

Според тоа јас сум на мислење дека можеби требаше паралелно и програмата да биде, но и не знам дали програмата е избор на програмата, но сеедно програмата мора да се донесе и во програмата овие елементи на рамномерност и во ширина и во хоризонтала и во вертикала мора да бидат во нејзе почисто и појасно содржани.

И трета сугестија ми е новата територијална поделба и проблемките на културата. Министерот ги кажа најважните работи и состојбите всушност какви се јас тоа го прифаќам меѓутоа, тоа значи дека министерот свати дека има многу големи обврски. Министерството во оваа област во смисла на новата поставеност на Републиката во смисла на поделбата. Локална заедница,нова општина, без икаква културна институција и каква културна активност таа не е заедница.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (продолжение)

Тоа мислам мора да се расчисти и програмата мора да биде апсолутно децидна. Кога ќе влезете во тоа тогаш според состојбата во општината, така ќе се бараат модалитетите за развој на културата во таква средина. Затоа јас би сакал и законот тоа на поблизок начин да го обврзува дека при градење на програмата, особено ќе се има предвид сегашната состојба со територијалната поделба,потребата од културниот живот внатре во новоформираните заедници, бидејќи само тогаш тие можат да сметаат на некоја своја перспектива, инаку се ова што предвидуваме што ќе се случи таму тоа е невозможно, всушност и законот да отвори таков простор програмата да биде обврзна подетално тие работи да ги разработи.

**БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, бидејќи како човек кој се занимава со една професија, прилично забележувам во последно време дека се јавувам или после г-динот Хисен Рамадани или после г-динот Стојан Андов кој што мислам дека за мене е хендикеп како луѓе кои ги ценам за своите широки размислувања и како луѓе кои имаат долгорочно искуство пред оваа говорница Меѓутоа, мислам тоа веројатно спонтано така доаѓа и не е нексда режија од друга страна. Во секој случај ова е тема која што можам широко да ги кажам своите размислувања, иако имав прилика да го кажам тоа прво на собири, во Комисијата за култура, потоа има една телевизиска емисија која што имаше цел можеби мегаломански да ги повика сите личности кои што даваат придонес во културата и кој што сигурно сака да го кажат својот интерес.

III/2 .-

Јас ќе се задржам на неколку пунктови и ќе се трудам да бидам корисен за некои работи и да го кажам моето влијание во онаа свера во која најмногу работам. Мислам дека имам и право тоа да го кажам бидејќи 18 години работам како човек кој што води една институција која што по многу кажувања е една од поуспешните во Република Македонија во оваа област.

Мислам дека предложениот предлог-закон за култура ќе значи радикален пресврт во културата. Ќе кажеме од каде е овој оптимизам. Мислам дека со новото нормативно регулирање односите во културата отвараат сфера за влез во новиот милениум. Без разлика дали јас тоа правно доволно ќе го артикулирам, бидејќи во оваа фаза и тоа не е потребно, знаете, битни се само начелата овој закон можеше да нема и подлабоко навлегување во дејностите и тоа да го кажува и ние да му дадеме виза. Значи тие нормативни напишани во 9 глави и дали ќе биде таа десеттата за која што јас би сакал после кога ќе се осврнам на нешто за кое што станувасе збор ќе кажам можеби дали 10,а може да бидат и 8 глави ќе го каже тој сериозен однос на изработувачите на овој закон кон оваа област која што не секогаш може правно да се артикулира и не е потребно во крајна линија. Некои нешта недокажани се кажуваат низ перото на авторот, низ говорот на актерот, низ раката на сликарот, нешто што е поинаку и поубаво можеби со овој збор од правна регулатива. Државниот интерес, јавниот интерес или локалниот и приватниот интерес во културата тие сигурно не ги подразбирам како надвор од нив како некој што ќе се надополнуваат и кои ќе ја прават таа лепеза на културно дејствување на оваа Република и нешто појасно. Ние бидејќи доаѓаме од секоја општина и ние сигурно треба да се држиме за тоа што е интерес и на таа локална самоуправа, меѓутоа, во овој момент, јас иако доаѓам од она што обично се нарекува Битола како на културниот град, кој што не мора да биде така може да биде едно нешто што му припаѓа или не му припаѓа со континуитетот на тоа што

го прави во областа на културата, меѓутоа, сметам дека кога велам државен интерес и тој спој со локалниот и приватниот го гледам во тоа дека тие национални установи, тоа и во разговори со луѓето кои го изработуваат законот и со министерот за култура не се мисли за строго една национална установа или пет национални установи кои исклучиво ќе бидат во Скопје и една ќе биде во Битола. Се работи за систем кој се вика национална установа, театарот, тие може да бидат три може да бидат две може и четири. Меѓутоа уште два-три нови кои што ќе имаат исти ингеренции да ја подигнат стандардизацијата на работа на овие институции во тие помали места, бидејќи придобивките на културата мора да биде на секој граѓанин, значи се што е вредно од оваа свера може да се подигне на државен интерес меѓутоа, тоа мора да го прават луѓе што ја познаваат оваа материја и тие кои што имаат искуство и докажани квалификации за таа работа. Значи од таа страна и во сверата на театарот, бидејќи првите удари дојдоа од таму јас морам да го кажам своето видуваше и кое што мислам дека стои затоа што и денес без некоја национална стратегија или национална програма некои театри го држеа овие 50 години националниот интерес. Кога зборувам за националниот мислам на државниот интерес. Кога зборувам за театарот на народности, т.е. албанската и турската драма и за длабоко жалење и театарот. Пралипе на ромите кои што ете сега опстојува и во Германија меѓутоа, зошто тогаш не се нашло доволно сила тоа да се употреби, меѓутоа и тој сега работи и секогаш го покажува интересот и овдека да ја реализира својата програма е нешто што ќе и даде посебен белег на оваа култура од Република Македонија. Оттаму, од овој закон ја само ја гледам позитивната енергија што ќе произлезе и ќе му даде поинаков печат да навлезе длабоко професионализмот и стандардите, минимум стандарди на една европска култура кон која сите ние се стремиме.

III/4 . -

Мислам дека имам право тоа да го кажам и од таа институција која ја водам, меѓутоа, како четиригодишен селектор на драмската програма и сега како претседател на Советот на Охридското лето тоа го правев и нашиот театар прв влезе во Албанија во Корча во Тирана и тие дојдоа исто во Македонија во Битола како гости на Битолскиот театар, беа во Тетово, беа во Скопје и мислам дека околу тие немаме некакво недоразбирање и оттаму можеби најповеќе во тоа раководење во тие наши контакти со Србија, со Босна и Херцеговина, во Бугарија, без никакви табу теми без никакви оптоварувања на минатото. Културата најбрзо тие мостови ги воспоставува. Значи она што е сега проблем на потпишување, непотпишување со соседна Бугарија, неи тоа го премостуваме, ние таму зборуваме на македонски јазик и тоа не е ништо тоа што им пречи на тие луѓе кои што прават исто така еден врвен театар. Една претстава беше наградена и таа беше врачена на премиерата тоа беше драмата "Дното"од Горки, значи оттаму не треба ние на едно локално ниво да ги сведиме напротив, треба да ги подигнеме тие интереси на локалната самоуправа и да им кажеме на луѓето да покажат тоа што денес нема театар дека е проблем во овие 40-50 години што го немале тој тип на мецени и просветени владетели и луѓето што го имале тоа и давале печат на епохи и го давале сето тоа. Од таа страна ние сите треба да се вратиме назад и да видиме колку во таа локална самоуправа запоставено, колку е направено и да отвориме некој широк простор на дејствување во вид на фондации кои што и декларативно добро е да стојат за да ги натераат луѓето во еден правен систем да се вклопат, бидејќи тоа е неопходност за едно поинакво поимање на културата во Република Македонија. Сите оние нешта што се напластуваат во начинот на живеење, ако сакате и во таа култура на живеење да ги префрлиме на овој закон, иако овој закон произлегува дека е тоа темелна вредност дека човекот, граѓанинот и со тоа што тој го создава творештвото е културата.

III/5.-

Тие се многу суптилни теми кои што не му даваат право на секој така да пресудува или не му дава право и на уметникот без таа култура на живеење на изразување да се нафрлат на ова нешто. Значи од тој аспект сакам да кажам да се релаксираат, точно јас и оваа партија го потврдив дека добро е што доаѓаат видни личности кои што се повеќе можеби од институции, такво е доаѓањето на министерот, кој што нема ни партиска книшка и мислам дека културата ќе се подигне на тоа ниво, можеби има и такви членови до партиите кои ќе доаѓаат на такви места меѓутоа да доаѓаат луѓе кои што ќе доаѓаат во овие транзициони периоди нешто што ќе не може да се заобиколи и нема да ја доведат културата во прашање, минимум култура која што е неопходно за оваа држава која што постојувала со низа векови наназад. Оттука и тие ингеренции на министерот не ме бунат која како ќе биде и во крајна линија со тоа ќе се покажуваат тие партии. Министрите во овие 7-8 години имаа максимум ингеренции и никој тоа не го кажуваше зошто е тоа така. Меѓутоа, повторно на испит ќе доаѓаат тие партии на такво место ќе доаѓаат така заради широкиот интерес, ако сакате и над националниот интерес. Тоа е нешто пошироко, тоа се спојува со некоја европска интеграција. Мислам дека тие зборови не треба да бидат нешто што ќе им послужи во некој даден момент, дали тоа ќе биде во оваа година на избори или тоа треба да биде нешто друго. Националната програма по мене е нов закон. ^ Тоа исто по мене ќе се донесе, колку се моите забележувања , наводно Владата донесува како алтернатива Владата донесува токму од некои тела кои што ги заработуваат ваквите. Значи не било предлог кој тргнал од Министерството за култура. Бидејќи националната програма е платформа таа е нов закон кој што утре ние ќе го гласаме и таа е неминовна да дојде а некои министри кои доаѓаат, тие одговараат пред овој народ. СО исти устави на оваа наша татковина некои водеа војна а некои правеа низ разговор да ја изнивелираат оваа драма која се случува на овој

простор и која што со векови му припаѓаше и затоа ние како генерации не знаеме што значи тоа буре барут. Мислевме Балканот е буре барут. Јас не знаев што зачни тоа сега го почувствував тоа и за мене таа работа е нешто што ја почувствував како што ја почувствувале моите генерации дедовци и луѓе кои што го прераскажуваат тоа.

Од тие аспекти овој закон многу квалитетно и трансформацијата ја обезбедува на најбезболен начин да се зачува минимумот по мене европски стандарди кои ги има сега во Македонија меѓутоа се унапредуваат со тој локален и приватен интерес некој ги критикува фондациите. Секаде се јавува како мецена државата во сите земји на транзиција. Дај боже да има повеќе мецени и просветени владетели, луѓе, дај боже да биде добро за сите народи, а со тоа и за граѓаните кои живеат во РМ. Да дојдат тие луѓе да ги почувствуваат тие нешта што ги прави културата и да се јават како мецени. Во овој момент бидејќи немаме такви доволно ќе се јавува државата, ќе иницира. Ете некои јавни претпријатија во овие 7 години реновираа театри, градеа домови, купуваа книги, библиотеки. Тоа е тоа меценатство кое денес го изгубивме, заради тоа што ние денес се престројуваме тој да биде некој свој личен интерес. Оттаму е повикана државата, тој државен интерес да го подигне, затоа што точно за тоа говори. Многу е непријатно што се ставам како бранител на законот за тоа ризикувам да ми се навлече некаква ' етикета во идните години, ако од овој закон произлезе негативната енергија како од секој закон. Јас кажав од устави кои се благопријатно напишани се водеа војни, тоа може да се случи, јас секогаш сум сметал дека позитивната енергија од се она што е напишано треба да се влече. Она што е негативно им го оставам на тие кои што сакаат да ги бележат и после да ги повикуваат луѓето. Тоа се вика етикетирање.

III/7.-

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги , почитувани колеги пратеници, почитуван министре и негови соработници. Излегов на говорница јас да кажам неколку збора во врска со Предлогот за донесување на закон за култура и сигурно малку сум хендикепиран после дискусијата на мојот претходен колега, имајќи предвид дека на некој начин тоа нему му е и фах и сега јас нема многу да разговарам само сакам да кажам дека самиот интерес, односно самата бројност на пратеници кои излегоа на оваа говорница да расправаат по овој предлог за донесување на закон за културата зборува за интересот, односно за значењето на овој проект кој треба да биде донесен, имајќи предвид какви се состојбите во културата преку филмот кој што го гледавме пред извесно време и преку секојдневните среќавања на ова поле како консументи, односно како корисници на културните настани кои се случуваат во нашата држава.

Јас нема да се впуштам да го елаборирам целиот закон, меѓутоа сакам да се задржам само на еден дел од него. Имено, се однесува конкретно за домовите на културата кои домови во еден одреден број на населени места се можеби единствените институции каде се одвиваат скоро сите културни дејствија.

Анализирајќи го законот за култура се наметнува чувството дека во истиот не се земени во обработка или поточно не се внесени домовите на културата, иако во еден или два члена се спомнати, меѓутоа, мислам дека имајќи го предвид тоа што пред малку го реков дека во добар дел од населените места, односно градовите во нашата Република тие се единствените места каде се одвива или се организираат најголемиот дел од културниот живот, или се институции кои се најважни места, сметам дека нивното место во овој предлог закон треба да биде понагласено.

III/8.-

Со овој закон за култура веројатно, со предлогот кој ќе биде изготвен после заклучокот да се донесе Предлогот на закон, веројатно дека тоа ќе се изгласа во текот на денешната седница, мислам дека сите овие работи кои се искажани од моите претходни колеги, па и ја што ќе речам овде мислам конкретно за домовите на културата иако имаше предлог од колегите дури да бидат во посебен закон иако биде посебен закон сметам дека тие во предлогот на закон треба да си најдат соодветно место, заради причините кои што ги наведов во претходното мое објаснување.

Јас би сакал покрај тоа што го реков тука, да се осврнам и на неколку членови од предлогот за донесување на законот за култура. Имено, член 55 сметам дека треба да гласи , поттикнувањето и развојот на културата на граѓаните во локална самоуправа, Републиката во меѓународната културна соработка, ќе се одвива и преку дејноста на домовите за култура, или во втората алинеја да биде домовите за култура се установи во смисла на овој закон што функционално и програмски се определени за вршење на дејност во смисла на иницирање, подготвување реализирање и презентирање на овие културни содржини, како и за вршење на други дејности од областа на културата, согласно со законот. Членовите 63,66,70 и 73, покрај набoрените институции, односно установи да се додадат и домовите на културата. Таму се набележани повеќе институции каде може да се одвиваат работи од културата да се наведат и домовите на културата.

Во членот 39 мислам стои директорот има мандат од 3 години. Мој предлог е да биде 4 години, со можност за повторен избор.

Во членот 13, во Советот за култура да има и еден член од заедницата за домовите за култура.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Една мала шала на почетокот веднаш, бидејќи имаше многу интересни дискусии , а сведоци сме дека доста дискусии имаше и во јавните медиуми. Познато е дека станува збор за Законот за култура. Некој ќе праша што бара агроном да дискутира за култура? Јас ќе кажам дека и ние, земјоделските стручњаци растенијата ги викаме културни, ако се тие културни . Од тој аспект нешто ќе се обидам да дадам едно мое гледање по однос на понудениот предлог за донесување на законот за култура.

Веднаш ќе се надоврзам на предложениот текст, немам амбиции да изложувам нешто , некои мои погледи по однос на она што не е напишано, туку повеќе по однос на она што е понудено со Предлогот за донесување на закон.

Во членот 1 во општите одредби, ставовите 1 и 2 односно ставот 2 посебно детерминира што се подразбира со овој член во смисла на овој закон под поимот култура. Како агроном, мислам дека дефиницијата по однос на ова што е понудено тука би можело да биде малку попрецизно и можеби условно речено пошироко. Веројатно предлагачите имале на ум ова да биде што поедноставен закон за да може да биде разбирлив за повеќето, меѓутоа мислам дека , мое гледање е, дека треба да биде дефиницијата малку поширока.

Кога зборувам за ова, би рекол дека тоа би требало повеќе во однос на совпаѓање на предложената содржина на законот. Предложената содржина на законот не е иста со дефиницијата што овде се нуди. Или пак едното или другото треба да претрпат измени.

IV/2

Она што тука би сакал да кажам е прашањето што веднаш се оди на она, без да дава пошироки објаснувања по однос на културата, веднаш се оди директно со членот 2 да се зборува за тоа што прави Републиката за развој на културата. Добро е ова што е наведено тука, меѓутоа мислам дека претходно требаше уште нешто да се каже по однос на културата.

Повеќето од дискутантите особено албанци зборуваа по однос на прашањето на националниот интерес, што е тоа национален интерес. Иако во образложението а и во еден член овде е кажано што се подразбира под национален интерес, јас сепак , г-динот Хисен Рамадани кажа државен интерес, можеби и јас ќе се сложам по однос на тоа прашање, меѓутоа мислам дека кога дискутираме ние албанците по однос на ова прашање - национален интерес, мислам дека треба да имаме разбирање кај вас колеги македонци, бидејќи станува збор за едно суштинско прашање. Не треба да не разберете како дискутанти кои дискутираат исклучиво од аспект на тоа дека еве, тоа е национално, па сега се подразбира само националноста да ја претставуваат македонците.

До колку се смета, како што е речено дека тоа претставува прашање од јавен интерес, сосема е во ред. Меѓутоа, ако настојуваме и понатаму само како национална да истакнеме , мислам дека тука правиме, условно речено неправда кон нас останатите и мислам дека тука работите не одат во ред. Треба да имаме слух, треба да имаме разбирање , и тоа да биде во ред, онака како што ќе бидеме сите задоволни.

По однос на членот 4 се зборува за тоа што е творештво. Се вели дека секој има право на творештво, творештвото е слободно. Поставувам прашање дали е сето тоа творештво што се нуди на пазарот?

По однос на ова мислам дека би било потребно да направиме една одредена разлика, бидејќи творештво е, по мене, и оној кој произведува, до сега не ги користиме, опинци и оној кој произведува

домашни ракотворби што се сметаат. Оној кој произведува некој друг производ исто.

Членот 6 зборува за заштита и користење на материјалното културно богатство. Во ставот 2 вели дека преку дејностите од став 1 на овој член се врши посебна заштита и користење на предмети и објекти од особено културно и историско значење.

Кога зборуваме за ова, треба да имаме на ум дека повторно поврзано со она што го кажав на почетокот, што го дискутираа повеќе дискутанти албанци пратеници тука, треба да имаме предвид да правиме разлика дали под тоа исто така се подразбира сето тоа што е од историско значење за македонскиот народ или пак за сите граѓани, односно македонскиот народ и другите националности кои живеат. Исто и тука, треба да најдеме заеднички јазик и да правиме напори двете работи паралелно. Македонија ја прават македонци, ја прават и другите кои живеат во Македонија. И, Македонија може да се гордее со своите особености ако исто така ги истакнува особеностите и на другите националности што живеат во Македонија. Мислам посебно и кога станува збор не само за истакнување во Републиката, туку и надвор. Тоа ќе даде еден голем придонес во афирмација на Македонија како демократска држава.

По однос на Националната програма реков дека повеќе ќе се согласам да биде државна програма за култура.

Кога сме тука со членот 10 точка 6 од истиот член се вели дека за остварување на националниот интерес Владата на РМ односно Собранието донесува национална програма за култура за период од пет години. Прашањето кој треба да ја донесе таа програма можеби подемократски би било да ја донесе Собранието. Јас повеќе би се прифатил за тоа решение.

IV/4

По однос на тоа што е кажано во точката 6, истиот член, дека мерките за рамномерен културен развој и интензивирање на културниот развој на недоволно развиените подрачја во Републиката, јас тука би се задржал малку на прашањето што ме тангира мене, односно граѓаните од мојата општина.

Сосема е исправно тоа што е тука наведено. Тоа е фактички Уставна обврска по однос на рамномерниот развој на Републиката. Меѓутоа, добро е што е тука и за културата.

Дебар, не би сакал многу да елаборирам, претставува подрачје познато по својата култура, по својата историја, Меѓутоа, освен Домот на културата во Дебар за сега немаме други објекти, иако доста од нив пропаѓаат или се пропаднати. Во Дебар, сеуште не успеавме иако поминаа 50 години од ослободувањето од фашистичкиот окупатор, сеуште во Дебар не успеавме да имаме еден градски музеј. А, имаме што да покажеме во тој музеј.

Од тој аспект треба да се вложат напори , кога станува збор со она што е кажано во точката 6, да се овозможи една ваква дејност во градот.

Во Дебар, посебно сакав тука да кажам, водевме разговор и со министерот, после посебно врз основа на заклучок на Советот на општината Дебар, водевме разговор во врска со историските споменици во Градот. Ја имаме Градската бања, во пропаѓање. Во последно време се преземаат мерки да се изработи програма како да се заштити таа Градска бања, со исклучок на делот што е руиниран. Со мали адаптации и денеска може да служи за својата намена. Служеше и пред две години. Можеби претставува единствен објект кој што сеуште може да служи за таа намена во Републиката. Правевме што правевме, успеавме, условно речено, да ги немаме тие објекти во Републикава. Иако беа

многу интересни објекти, некои сега служат како галерии. Но, сепак мислам кога е ставена оваа точка би требало да внимаваме уште повеќе ако се има предвид дека на подрачјето на Дебар доминантно е албанското население. Не би сакал да кажувам проценти, не ми е тоа цел.

По однос на Советот за култура, се залагам затоа Советот за култура да биде составен како што е предложено во точката 2, меѓутоа, при избор на Советот за култура да се има предвид националната застапеност како една од определбите на овој закон. Не можеме да развиваме национална, односно како што е речено општ интерес од аспект на јавниот интерес, ако во тој Совет за култура не се застапени сите, условно кажано, граѓани кои живеат во Македонија.

Што се однесува до локалниот интерес во културата, определбата што е понудена е добра, меѓутоа, по однос на тоа мислам дека на оваа работа треба да претходат други работи. Можеби тоа го кажаа некои дискутанти,а она што јас сакам да кажам е тоа што сегашните буџети, сегашните финансиски средства на општините не овозможуваат бавење со таква работа. Значи, паралелно со донесување на овој закон ќе треба да следат измени во Законот за локална самоуправа. Инаку, може да го пишува, ќе остане на хартија, како добра желба, но никогаш не реализирана.

По однос на прашањето на остварувањето на културата, се залагам за тоа има овде определби дека може да се бават со култура различни субјекти. И субјекти што не се регистрирани. Сум за тоа сите да бидат регистрирани.

Посебно е прашањето кога станува збор за тоа дали тие треба да плаќаат на општествената заедница нешто или не. Тоа е посебно прашање, прашање на фискалната политика за што можеме да се договориме. Кога се цени за одредени работи дека не држат, немаат

толку можност да партиципираат во фискалната политика, тогаш може да бидат ослободени. Такви работи имаме и денес, стопански занимања што се во изумирање и тие се ослободени од данок. Тоа може да биде, но регистрацијата мислам дека би требала да биде нужна.

По однос на прашањето регулирано со членот 23, таму вели дека на самостојниот уметник може да му се обезбедат поволни услови надоместоци од средства од Републичкиот буџет, за што одлучува министерот. Јас мислам дека не би требало тоа право да му биде дозволено на министерот , туку на Советот за култура.

Во законот се испреплетува и прашањето на установите. Можеби другите дискутанти кажаа, установи од областа на културата, јас ќе кажам само дека мислам дека сега правиме преуранет чекот во смисла на тоа што таква регистрација не ќе може да се оствари бидејќи сите регистрации треба да бидат согласно Законот за трговски друштва. Значи, ќе треба и таму одредена измена да се направи.

Исто се залагам по однос на прашањето регулирано со членот 43 каде се зборува за органот на управување на националната установа. Таму се вели Управен одбор. Во Управниот одбор се залагам да бидат застапени и националностите.

Со членот 47, регулирано е прашањето на формирање фондови за култура. Речено е дека таков фонд за остварување на националната програма може да се формираат фондови а ги формира Владата. Мислам дека таков фонд не би смеело да биде исклучиво смао Владата. Треба да се даде пошироко решение, бидејќи сведоци сме за такви работи што можат кон тоа да придонесат и други кои располагаат со средства. Зошто да биде ограничено? Не сум да не бидат под контрола, меѓутоа да може тоа право да биде дадено на другите да формираат такви фондови ако најдат средства.

Членот 50 зборува за други физички лица. Не знам зошто се спомнати тука, која е нивната функција? Можеби само заради објаснување. Но тогаш е добро тоа да биде на почетокот што се смета за други физички лица, а не овде.

По однос на прашањето на заедничките одредби, членот 51, каде се зборува за концесијата, јас би рекол дека понудениот член треба да заврши со тоа што се кажува до точката. Се применуваат прописите за концесија. Она што се вели - концесија се дава во согласност со министерот за култура мислам дека тоа треба да биде работа на законот за концесии. Ако е тоа прашаше таму регулирано, зошто овде дуплирано.

Членот 53 вели дека секое правно лице може без регистрација да врши дејност од обласста на културата. Се согласувам да биде секој со регистрација, и поддржуван, добро е да може да се бави, меѓутоа под услов да не создава профит. Во спротивно тоа е веќе профитен интересент.

Членот 55 го регулира прашањето за поттикнување на развојот на културата особено во творештвото, преку домовите за култура. Филмот го гледавме. Состојбите ни се познати од местата каде живееме и каде доаѓаме.

Овде се поставува едно прашање што низ материјалот не успеав да го видам , а тоа е прашањето на домовите на културата. Ова прашање сум го поставил бидејќи сум член на Комисијата за делбен биланс помеѓу општината и Републиката. Во Дебар Домот на културата сме го добиле подарок од градот Скопје по земјотресот што го зафати Дебар во 1967 година.

V/1. -ПЈ/МЈ1

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Мислам дека тој дом треба да му припадне на градот Дебар. Секако, дека треба пошто сите граѓани учествуваат во формирањето на Буџетот на Републиката со свои средства, дека тие треба да добијат свој придонес за тоа. Меѓутоа, кога станува збор за тоа чиј треба да биде објектот, под чија власт, мислам дека тоа треба, особено ако се има добар аргумент. Тој не е граден со средства кои што ги вложило општеството на разни начини. Тоа е чист подарок. Како ќе знаат Дебрани дека е тоа подарок од грганите на Скопје.

Членот 67, односно членот 65 до 68 зборува за филмската дејност и таму вели дека членот 67 јавно може да се прикажува само филмови титлувани, односно синхронизирани на македонски јазик. Титлувањето, односно синхронизацијата јазично се лекторира. Тоа го регулиравме и со Законот, меѓутоа и ако ова се спомнува можеби ќе има извесен временски период додека се предложи Предлог-законот, но ако оваа одредба сега веднаш почнува да се применува мислам дека не ќе може веднаш да се применува во сите медиуми. Затоа што, познато ни е имаме локални медиуми, кои што треба ова да го применат, но еве не се во состојба, нема такви сеуште филмови кои што се така направени и тие применуваат други. Ако ја ставиме оваа одредба стриктно да се придржуваме, тогаш треба да ја прекинеме таа дејност и не знам колку ќе бидеме во можност како држава да понудиме и на пазар колку филмови кои што се титлувани. Затоа, мислам дека треба да има извесен период на, да кажам, на прилагодување.

Знам дека можеби веќе постанувам малку досаден, меѓутоа, ќе кажам уште неколку збора. По однос на прашањето на надзорот, мислам дека член 10 9 треба да претрпи извесна измена бидејќи се зборува за инспекцискиот надзор, а ние веднаш во член 109 велиме директор на установата. Можеби треба да претрпи измена во смисла

на тоа што на барање на инспекторот, директорот на установата му овозможува, му дава податоци. Благодарам што ме сослушавте и тоа бе моите гледања по однос на Предлогот за донесување на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господин Наџи Пурде.

**НАЏИ ПУРДЕ:**

Господине потпретседателе, господа претставници од Владата и колеги пратеници!

Јас нема долго да се задржам и да ги анализирам сите членови на предложениот закон, но ќе ги изнесам моите впечатоци што сум можел да ги стекнам за време на читањето и за време на анализирањето на Предлог за донесување на закон за културата.

Донесувањето на толку важен закон, како што е овој, и другите закони што сме ги донеле во овие последни месеци и ние што сме тука и тие што се надвор од оваа сала и можат лесно да ја разберат целта на донесувањето на овие закони од едноставна причина што придавката македонски, македонско, македонска е доминантна тука и тера човека без да мисли нешто, а мора да мисли, затоа што таква употреба на една таква придавка дава сосема една поинаква конотација на контекстот и на овие законски прописи. Додека оваа придавка е доминантна, се разбира, дека на овие закони и специфично на овој закон им се дава едно национален карактер. Со тоа ќе се фаворизираат само еден дел од граѓаните на Република Македонија, а ги запоставува интересите на другиот дел, што ќе рече интересите на националностите, а посебно на албанската, што е најмногубројна, што уште полошо овие закони се и во спротивност со меѓународните конвенции, чија потписничка е и Република Македонија. Во овие закони

V/3.-

конкретно во овој закон и во претходните грубо се манипулира и со именката граѓани. Дали овие закони во ваква форма, на пример, Законот за Македонска радио-телевизија и сега со овој закон за културата ќе бидат корисни и апликативни, ќе се види во блиска иднината. Коњуктурата на овие закони може да се претпостави уште од сега, зашто самата придавка ги присвојува за себе сите институции, а со тоа и овој закон. Со исклучок и за секоја чест институцијата на АРМ. Тука се вклучени, во оваа институција на АРМ сите граѓани во Република Македонија. Значи, не е еднонационална, туку мултинационална. Тоа се гледа и тоа многу отворено од сите масмедии, во овој случај на полето на културата, почнувајќи од Македонската радио-телевизија до новинарството и другите дејности каде застапеноста на националностите, а посебно на албанската, која е најмногубројна, а најмалку застапена и во сите сегменти, а албанците во Република Македонија поседуваат еден добар квантум на интелектуалци, за сите полиња на дејности, а и во културата. За културата да не зборувам ногу, затоа што истото тоа што го зборуваше господинот Рами Туда, пратеник во Собранието, вчера, важи истото и за Гостивар. Веројатно и за другите градови каде што албанците се во голем број.

Господо, доколку порано и потрезвено ја гледам нереалноста без предрасуди и еуфории, дотолку ќе биде подобро за сите нас, зашто донесувањето на ваквите закони, би рекол тенденциозни закони, а под покривката на рамноправноста, нема да ги даде, верувам, саканите резултати и саканите плодови. Истото важи и за овој закон за културата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Биљали.

V/4. -

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, множинството од нас тука дискутираме лаички од причини што имаме лаичко познанство на оваа материја. Меѓутоа, со оглед на фактот дека сите плодови од оваа дејност ги уживаме ние и како граѓани и како поединци, нормално дека нашиот интерес е тука. Но, добро е после толку време Министерството за култура, односно Владата се присети дека оваа материја, исто така, заслужува законско покритие, значи оваа важна сфера на духовното богатство бара законско покритие, исто така влева оптимизам фактот дека за оваа година во однос на Буџетот се предвидува значително зголемување на средствата за оваа дејност и тоа значи дека постепено, полека, спонтано преовладува свеста дека сепак и оваа дејност е национален интерес, односно претставува национален интерес.

Околу поимот или терминот национален интерес. Јас сметам недвојбено дека треба да се разјасни ова прашање од некои претходни мои колеги, дискутанти беа искажани двојбени двосмислени мислења во однос на овој поим, па сметам дека тука не би требало да има стравувања од причина што овој поим глобално веќе се резервира зад државен интерес, а во некои сегменти општо граѓански интерес. Значи, ако читаме некаде национален интерес на САД, тоа воопшто не претставува дека се работи за интерес на една поголема етничка групација во таа држава. Или национален интерес во Република Кина. Таму живеат повеќе од десетина народи, меѓутоа, тоа претставува општ државен интерес. Или пак во Индија каде живеат педесетина народи, национален интерес претставува општ државен интерес.

За втората фаза, односно финалната верзија на текстот, според мое мислење, треба да се изведуваат уште неколку важни работи.

V/5. –

Прво, според мене треба дефинитивно и јасно да се искристализира статусот на одделните институции, објекти и структури на културата во однос на државата, локалната самоуправа, па дури и другите облици на локалната самоуправа, односно месната самоуправа. Бидејќи ние имаме и неколку објекти кои претендираат одделни други структури да се титулари на тие објекти, меѓутоа делумно или целосно тие објекти се изградени од средствата на граѓаните и нормално дека тие претендираат и кон статусот на тој објект. Исто така, се поставува прашањето врз кои основни критериуми ќе се финансираат дејности, културни дејности кои се изведуваат на овие објекти.

Второ, нашата односно државната обврска е не само да се заштитува, туку и да се унапредува културата и тоа не само културата на една национална заедница, туку културата на сите национални заедници, особено културите на тие национални заедници, кои бројчано се помалку од мнозинството. Значи, тука мораме да признаеме дека битно заостануваме во однос на развојот на културата на националностите и мора со сите сили, односно да се предвидуваат и механизми и правно покритие за да се постигне тој чекор, кој е заостанат во однос на националностите со културата на мнозинскиот народ. Значи, ние мораме, на жалост, сеуште да признаеме дека сепак еднонационалната димензија во некои дејности, важни дејности на културата сеуште се присутни и мора да се преземат сите мерки тоа понатаму да се стави во нормални постапки.

Членот 48 на Уставот на Република Македонија предвидува дека граѓаните на Република Македонија можат да основаат културни, уметнички и научни институции за развојот на нивниот идентитет и тн и тука сеуште кај нас не е разјаснето, дали тоа е изолираио или индивидуално право на една национална заедница или пак тоа во тоа треба да се декларира јавен интерес, па и државата да финансира за

таа област. Значи, се работи дали приватно финансирање или државно финансирање, што кај нас сеуште не е разјаснето. Значи, развојот на културите, на сите национални заедници, тоа е уставна обврска и не само уставна обврска, тоа е обврска која произлегува и од меѓународниот пакт за политичките права на човекот од Европската конвенција за правата на човекот, од културната конвенција, од повеќе акти на УНЕСКО, а исто така и од Рамковната конвенција за заштита на националните заедници.

Затоа, во втората фаза предлагам најсериозно да се проучуваат овие определби од овие меѓународни акти, од причина што се-пак од којзнае кој пат јас тука потенцирам дека се работи за дел од постојниот внатрешен поредок на Република Македонија.

Трето, важно прашање, барем според мене е важно прашање, треба да се институционализираат од одредени културни манифестации според професионални критериуми во недостаток на овие критериуми и финансирање на таквите манифестации, ние на жалост, во некои култури имаме шунд. Еве на пример, во албанската култура или сегмент на културата на албанците тука во Македонија, реално имаме шунд од причина што немаме институции кои ќе ги канализираат овие дејности, ниту имаме финансирање на овие дејности и практично тоа е оставено на спонтаноста, на анархијата и тоа довело до еден вака кажано, со груби зборови, шунд на која одделни кругови и финансиски профитираат.

Четврто, при финансирање на одделни важни културни проекти, сметам дека исто така со одделни акти на Министерството или Владата да се предвидат стриктни критериуми за финансирање и изградување на такви објекти, каде основен критериум би требало, според моето мислење да биде бројот на жителите на една средина н значењето на тоа место, дали е историско и тн. Сето тоа не би требало да се

пропушти на волонтаризам или доминации, било да се работи од урбани доминации, рурални кои што се понеизразени, географски доминации или пак етнички доминации.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:** (Продолжение)

И на крајот предлагам Министерството односно Владата да се обрати до сите релевантни културни структури или субјекти, било да се работи за индивидуални или колективни, да се прибави нивното мислење, стручно мислеше и практично искуство во доменот на културата и да се прибави мислење од одделни меѓународни организации кои како основа ја имаат културата и со еден поширок реаслен и отворен дијалог сметаме дека ќе дојдеме до еден посоодветен закон за културата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, господине министре, веројатно расправаме за една многу обемна материја. Расправаме за материја која што изостанала многу години station наназад. Расправаме за материја без која нема живеење. Расправаме за материја за која се потребни огромни финансиски средства, а да му се сневиди, сиромаштијата е тука. Прв пат со овој буџет издвојуваме малку повеќе средсдтва. Сигурно ќе бидат потребни повеќе години да издвојуваме повеќе средства за да може лека полека, но сигурно, не да ги задоволиме апетитите на тие што се создавачи, чинители на културата, субјектите, туку воопшто како РМ, како држава која е составена и во која живеат повеќе национални заедници, кои имаат свои национални и етнички карактеристики, зашто било кој етност без свој говор, без свое

писмо, без своја национална носија, обичаи, традиции, игри, темперамент и тн. не е нација. Заради тоа, сигурно во повеќе наврати во повеќе години и други состави на Парламентот ќе мора да издвојуваат повеќе средства заради овие аспекти.

Сакам да ве потсетам за една< многу одамнешна работа во РМ. Имено, 1969 година, 2 Август, АСНОМ, една свечена седница во Универзалната сала во Скопје, каде присуствуваа сите извршни тела на општествено-политички организации на РМ, сите пратеници и претседателот Тито, беше донесена одлука односно закон, како се викаше, за градба на спомен домови на културата во РМ во секоја општина. Тоа од Буџетот на РМ, Буџетот на Федерацијата, Буџетот на општините само во Дебар беше изграден културниот дом од страна на Градот Скопје како подарок, како помош заради земјотресот, кој што го спомна и претставникот на Дебар, почитуваниот мој колега. Тие домови на културата беа солидно опремени и лека полека почнаа да пропаѓаат. Пропаѓаа заради тоа што полека полека националниот доход по жител одеше се подолу и подолу, и бруто продуктот и нето продуктот и индустриското производство опаѓаше и понатаму опаѓаше и немаше можност да се издвојуваат средства. Денес ние имаме руинирани културни домови на културата, руинирани театри по градовите, руинирани селски задруги кои ги претворавме во културни домови по населбите, а тоа значи дека министерот за култура при Владата на РМ г-динот Унковски, неговиот помошник, сите ние пратеници овде па и Владата, па и идните поколенија што ќе дојдат овде што ќе не заменат, ќе мора од сите аспекти да го гледаат тоа прашање, без разлика на националната, верската и партиската припадност, бидејќи тоа е

основното благо на една држава, основното богатство.

Не навлегов ниту сакам да навлезам во се она што пишува во предлог законот, заради тоа што сигурен сум дека дискусиите што се водат овде се на место. Сигурно еден најголем дел од нив ќе бидат инкорпорирани во натамошното проследување и составување на законот, за да може овде да дојде. Нашите театри, професионални, Македонскиот народен театар, балетот, операта, филхармонијата, Театарот на националностите и другите исто се тука на распаѓање. Видовме минатата и пред минатата година што се случи во МНТ, како падна тоа нешто многу опасно по животот на луѓето, на граѓаните кои одеа таму.

Би сакал да зборувам нешто како аматер, бидејќи сум бил игроорец во две културно  уметнички друштво, железничкото и академското "Мирче Ацев". Ме задолжија и ме замолија моите постари и помлади колеги да кажам дека тие фолклорни ансамбли во она време кога не можеше од поранешна Југославија, па се разбира од Македонија, пиле да прелета надвор, тие културно-уметнички друштва како први амбасадори одеа на разни фестивали во светот, претставувајќи ја Македонија и Југославија, носејќи го своето знаме гордо и високо, со бисерот на Македонскиот фолклор "Тешкото", со "Невестинското", со "Армиското", "Еѓупти" песните од Источна Македонија, да не ги спомнувам сите други заради тоа што сум ги играл сите. Тие денес се на работ на пропаста, тие се без носии. И тогаш и сега ги гледаме да речеме од соседна Бугарија при разни натпревари нивните културно-уметнички друштва односно фолклорни ансамбли со перфектни носии извезени дури со златен конец, како да е Бугарија полна со злато. Но,

мислам дека Владата, нашето Министерство ќе мора да обрне многу повеќе внимание на овие аматерски дејности, односно фолклорни ансамбли, за да можат да си го најдат своето вистинско место и реноме, бидејќи неможе да се заборави најголемиот светски фестивал "Дижон", или "Ланголен" во Англија, Закопане во Полска и други фестивали, а Франција е земја на фестивали, каде што ова знаме овде што ние стои секогаш високо ќе биде кренато и нема ансамбл што ќе биде испратен, а да не се врати со некоја награда. Тоа е за Македонија. Заради тоа тррба да се респектираат тие јунаци на културата.

Аматерските само дејности од аспект на аматери, театари, исто така се запоставени, со време. Познато е дека тие настапуваат на разни места, на разни сцени. Јас знам дека ви е познато, сте го чуле името на театарот "Пралипе", кој што едновремено претставуваше како едно мало ругло овде во Македонија, така барем не сметаа уметниците, заради тоа што играше ритуални драми. Меѓутоа, тоа сега преставува една голема одлика, голема гордост на РМ и тоа работи во Германија на чело со Рахим Бурхан. Токму од тие ритуални претстави дојдоа нови сили, се создадоа нови односи во РМ и го разбраа тој начин на претставување на драмата од сите аспекти.

Заради тоа, сметам дека оној термин кога велиме дека е од национален карактер, јас само го гледам во глобална смисла на нацијата држава - нација, а не посебно на македонскиот. Впрочем, тука тоа го пишува. Заради тоа ќе треба соодветно внимание и влијание да се обрне на овие аматерски самодејности, зашто тие аматерски дејности го прибираат најголемиот број на момчиња и девојчиња на проби, настапи во сите градски општини и центри.

VI/5

Тоа е добро за да не ни оди младежта на некое друго место, да се дрогира и др. Тоа треба да биде врталиште на младите и тоа во позитивна смисла.

Да речам нешто посебно за Ромите. Во РМ постоеја 17 културно уметнички друштва. Сега постои само едно "Пралипе" и тоа не на толку висок степен на дострел. Ако едно време, никој нема право да рече Фаик жали за тоа време, можеби од некои аспекти секој од нас жали за нешто, овој фолклорен и театарски ансамбл "Пралипе" можеше да освои награда "Седум секретари на СКОЈ" во Загреб, 13 Ноемвриски награда на градот Скопје, "Орден заслуги за народ" со сребрени зраци од претседателот Јосип Броз ТиФо, 70-тина дипломи и плакети и тн., бронзен и сребрен ѓердан во Дижон, Златен есенски лист на Татрите, да не ги спомнувам наградите нема смисла, ако тогаш можеше што е тоа што сега спласнува сето тоа. Мислам дека треба да заживеат тие фолклорни ансамбли. Да ви кажам дека ние одиме понапред од Европскиот совет од аспект на негување и ограбување на културата на Ромите. Ако се сеќавате, овде има колеги пратеници од првото свикување на Собранието, некаде 1992 година бев напишал писмо до претседателот на САД, до Кралицата Елизабета II, до г-динот канцелар Хелмут Кол и други, до Европскиот совет, до ООН Бутрос Гали и тн. околу состојбата на Ромите во светот и им кажав како во Македонија е решено прашањето како пример., Веднаш после тоа Европскиот совет донесе Резолуција број 1203 од месец март за ограбување на културата на Ромите. Гледајќи таму што пишува и она што фактички е ка^ нас, ние сме ако не повеќе но за 100 пати напред и тоа е позитивно, тоа е добро.

Јас би молел и барам, молбено барање од Владата од овој Парламент да се потенцира културата на националностите, таа да биде така прикажана, така изгаена, така мотивирана што при разни настапи - ако е тоа театар, се знае што може да негува една националност, тука е јазикот, тука е и другата компонента, меѓутоа, ако е фолклорен ансамбл, секакво претставување на Македонија би требало да бидат игрите и песните во Македонија, а тоа значи и македонски и ромски и албански и турски и влашки и тн. да биде претставена како држава. Тогаш тие ансамбли ќе бидат претставници на РМ во вистинска смисла на зборот. Да се стремиме кон тоа, да им обезбедиме услови, за еден таков развој, да им обезбедиме средства за носии и друга гардероба, за да можат луѓето достојни за презентација на оваа наша држава, Република Македонија.

И на крајот дозволете ми во името на моите да ги поздравам сите Муслимани од РМ и пошироко, да го поздравам Рамазанскиот Бајрам, утрешниот ден како ден,како симбол на една поголема демократичност, поголемо разбирање, толеранција, разбирање меѓу луѓето, за еден заеднички соживот, зашто максимата е соживотот. Без толеранција, без обострано почитување нема мир, а јас мислам дека спремни сме сите да подадеме рака еден на друг.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер и колеги, кога збруваме за нормирање на средствата на културата се потсетувам на

гоцевата премиса дека светот го сфаќам како културно поле за натпревар меѓу народите. И навистина добро кажано од што произлегува дека националната самобитност не претставува вредност сама по себеси, туку истата треба да се докажува, а просторот во кои што има многу слободни места за докажување е просторот на културата. Према тоа, во тој културен простор почнува, трае и завршува или се исцрпува целокупната творечка енергија за искажување на културниот идентитет или на идентитетот на еден народ, на една националност, или на една етничка група. Према тоа, културната сфера е дозволената сфера за натпревар на човечката креација и човечкиот дух. Сите други сфери отстапуваат од концептот на граѓанското општество. И не комуницираат со цивилизациските погледи на културата. Према тоа, не е лесно да се опише, а уште потешко е да се дефинира широкиот и повеќе димензионален флуиден поим култура, а поготов се тоа да се нормира и да се смести во еден закон. Поврзано со реалните општествени состојби какви што имаме, културата ги опфаќа најразличните човекови активности од секојдневното однесување, битисување на човекот до духовното ј творештво како врховна вредност. Према тоа, културата е просторот кои ги димензионира сите аспекти на нашиот живот, технолошки, економски, политички, религиски, социјални и најпосле и естетските аспекти на човековото творештво. Тоа значи дека културата е и материјална, дека е и духовна, дека е и природна и вештачка и сакална и профана, но едно е точно дека таа е неоделива од цивилизацијата и дека е составен дел на целокупниот и општествен индивидуален живот на човекот, односно дека тоа е најлуцидната синтеза на сите значајни човекови дострели и на сите материјални и духовни творби. Тоа значи

дека без културни вредности и културни промиси и достерели, не би можело да егзистира ни едно општество, па и македонското, а исто така не би можела да живее и човековата индивидуа, бидејќи секоја работа се изведува со орудија, врз основа на некоја креација, со некоја цел низ некој процес што ги вклучува најважните компоненти на човековата промисла.

Најпосле, културата ги вклучува не само резултатите кои настануваат со човековата креација, туку ја вклучува и критичката промисла и критичката анализа која овозможува на индивидуата на творецот да се преобразува во слободна и комплетна човекова личност. Према тоа, културата има извонредно, важно место во аспирациите на човештвото, за усовршување на општеството, па и на нашето и за осмислување на целокупниот човеков живот. Дури може да се каже дека и човечноста и хуманоста се врвни креации од сферата на културата. места за сите, на кого не може да му се примети никому е културното подрачје. Секој може да повели тука слободно да ги искаже сите свои погледи од сите свери на човековиот живот. Меѓутоа, тоа не е така едноставно. И тоа е една мала држава на духот која што не лесно му овозможува на секого во хиерархијата на вредностите да го завземе местото врз волонтаристички норми, туку тоа е место подложно на длабока критичка анализа и дека тоа е правото вреднувано место на човековата личност и човековата креација. Што општо значи културата, културната самосвет на еден народ за една етничка група или националност, па и за македонскиот во тој контекст

Па пред се значи тоа дека тој благодарение на своето творештво подлабоко и повистинито знае за себе, кој е, каде живее, колку може, до каде стигнал.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ** (продолжение)

Со културата еден народ, па и македонскиот го потврдува својот идентитет, а и натаму несопирливо го продолжува се разбира во поотворена комуникација и само во поотворена комуникација со светот и докажувањето на своето натамошно битисување. Според тоа, и со овој конкретен закон националната културна политика треба да се нормира така што мора да го унапредува културниот идентитет и творештвото на македонската држава и македонскиот народ и се разбира и националностите. Националната културна политика и стратегија на истата треба да содржи насоки прво, за зачувување на националниот културен развој и идентитет. Второ, за овозможување на развој. Потоа, да овозможи истовремено и запознавање со другите култури, со културите на другите народи, на другите ентитети и идентитети и само така може да се идентифицира и да опстојува еден афтентичен културен идентитет, идентитетот на нашата култура, идентитетот на македонскиот народ што е многу важно поготово после осамостојувањето на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

Сега се поставува прашањето што прво, дали законот како инструмент или средство за реализација на националната стратегија, или пак прво лепезата на сите активности во националната стратегија. Јас лично се определувам за законот, заради тоа што националната стратегија може да се изградува низ една жива комуникација и дијалог преку сите институции и инструменти на комуникација, таа треба навистина мисловно добро да се обликува, меѓутоа мора да се има во основа и средството за нејзината реализација. Или со други зборови, изборот на одредени определби на закон со ништо не пречи со ништо нема да ја сопира градбата на националната стратегија. Во тој поглед сакам да кажам следното: законот има елементи на пренормираност. Многу работи кои што се ставени во законот можат да се стават како одредници во националната стратегија како на пр. карински давачки за одредени работи во областа на културата не би требало да се решаваат со лек специјалис со овој закон, но може да се стави во стратегијата па да се решава со други закони. Или на пример посебните права од

работното законодавство и тоа треба да се стави во стратегијата, па со законот за измени и дополнување на законот за работни односи можно е и тоа да се дерегулира. Исто така меѓународната комуникација па тука и инвестициите.

Би кажал нешто околу органот на управување. Тука е спомнат совет од тројца кои што ги избира Собранието и двајца од институцијата. Меѓутоа не е кажано кој ги избира тие двајца. Мислам дека тоа треба да се дозволи на стручните совети да предлагаат. Потоа околу прашањето директор, се зборува за деловен и програмски директор. Мислам дека тука може да изроди паралелни директори и јас лично се определувам и го сметам за поцелисходно решението директор. Потоа овде се спомнува терминот установа. Јас колку што знам во работното законодавство на Република Македонија не постои термин ни претпријатие, ниту постои термин установа. А зафаќање со регулирање на сите прашања со закон за установи, тоа е една толку тешка материја која што многу доцна би се реализирала. Така што операционализацијата на овој закон би се одолжила и би се отежнала. Од тука мислам дека во работното законодавство постои термин работна организација овде јавна или национална работна организација. Тоа побрзо би му дозволило на законот да делува. Потоа мислам дека законот треба да се ослободи од одредени работи од работно-правната сфера, тоа си го има решено законот за работни односи. Со овие укажувања мислам дека можеме да дојдеме до можноста да се направи еден добар и целисходен закон како средство, или инструмент за реализација на националната стратегија во областа на културата. /

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Има збор г-ѓа Николина Трајаноска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници. Уметноста е најубавата работа што човекот сам себеси си ја подарил, а во тој контекст и културата како надградба ја

облагородува човечката душа. Па од таму разбирливо е што е толку голем интересот за овој закон како во јавноста така и во Собранието е еве веќе два дена дискутираме на оваа тема. Општ впечаток е дека законот се предлага многу задоцнето и периодот на транзиција во нашата држава и општеството навлегува во 8 година, што се одрази неминовно негативно во сите области на културата и творештвото, а многу од културните установи и дејности ги блокира и ги уназади во однос да претходниот период, или ги сведе на живуркање од ден на ден без можности за зацртување на било каква стратегија, или нешто сериозно да планираат на подолгорочен план. Испуштен е еден релевантен период во кој политичката влада и носителите во власта преку ресорните три министри и министерството за култура можеше да испроба неколку модели за преструктуирање на културните институции и дејности особено во доменот на финансирањето, како што тоа беше сторено многу поблаговремено во некои други и понапредни земји во транзиција. Место тоа дури ни актуелниот министер не ги исполни сопствените ветувања, а очекувањата беа големи, бидејќи г-динот Унковски е истакнат театарски режисер за време на својот ресорен период од 2 години. Би навела еден пример, усвоената програма во областа на книгоиздателството за 1996 година не само што не беше реализирана во таа година, таа се префрли за следната без никакво темелно објаснување и сите книги сеуште не се издадени, а за некои што се издадени нема исплатено ниту денар од ветените средства во висина од износ од 70% за издавачките трошоци, ниту пак авторските хонорари. Или што стана со заштитата на спомениците и објектите за култура за чија што катастрофална состојба самиот министер ни беше нарачал снимање на филм кој што имавме можност да го видиме и овде во Собранието. И покрај својата задоцнетост предлагањето на овој закон треба да се поздрави ако ништо друго поради нормирње на правата во сферата на културата и творештвото и потврда на неприкосновената слобода на израз на секој поединец како што и тоа стои во општите одредби на Предлогот на законот содржани во членовите од 1 до 8. Или во предлагањето законски рамки за развој на творештвото и неговата афирмација на национален интерес во културата што е опфатено во членот 9. Впечаток е дека Предлог законот настојува премногу да нормира потпирајќи се притоа на мислењето на министерот или Владата

како основач на националните институции, или врз цела нова мрежа за вршење на слични, или исти дејности, тоа се совети на култура, управните одбори, фондовите итн., кои наместо подвижници и лостови како паралелни тела на распоредени, но и на измешани ингеренции би можело да се претворат во кочница и препрека за остварување на правото во творештвото и културата, а воедно да претставуваат и фасада за прикривање на одговорноста на надлежните органи без пројавени намери притоа да се унапредуваат и зајакнуваат дури ни постојните критериуми и стандарди наследени од претходниот период. На пример во член 10 се предлага донесување на национална програма, носител да биде Владата, а дури како алтернатива се предлага Собранието. Ако националната програма за остварување на националниот интерес се донесува долгорочно за период од 5 години и претставува стратешки план од државен интерес, тогаш неа треба секако да ја донесува Собранието. Предлагам Собранието да расправа и да ги именува националните институции на кои основач би им била извршната власт и дури да има право да именува нови, а не Владата, или министерот како што стои во Предлогот.

Исто така предлагам да се брише членот 11 што е даден како алтернатива за учество и на други државни органи во реализација на националната програма покрај Министерството за култура. И овде се прашувам кои се тие други и зошто е тоа така предвидено? Примери за пренормираноста на Предлогот на законот, или за пресудното мислење на министерот, или на одлуки од Владата има многу, а речиси во сите постојат и бројни недоречености кон оваа и понатамошна законска регулатива која што дозволува произволни ситуации за чие разрешување веројатно пак ќе биде пресудно мислењето на министерот. Лично не наоѓам особена потреба од предложениот совет на култура и го сметам за рецидив од предходниот самоуправен систем и како направен за прикривање на одговорноста и евентуалните пропусти. Ако на министерот му треба советодавно тело, не се ли тоа директорите на националните установи и на други институции и институти чија експертиза по сите неопходни прашања му стои на располагање на министерот, па и за составување на национална програма.

VII/6

Посебно не се јасни дадените рокови на членовите на Советот и на раководните луѓе и работниците од националните и другите установи од 3 години на националната програма што се донесува на 5 години, а чие што остварување зависи од буџетот што се носи поединечно секоја година, а периодот на ресорниот министер трае 4 години. Во предлог законот се само бегло споменати тоа се членовите 9 и 10 без понатамошна неопходна разработка следниве мошне важни елементи од развојот на една млада национална култура, а тоа е афирмацијата на македонската култура во странство и мерките и облиците за интензивирање на меѓународната културана соработка со што во некои други поразвиени земји се занимаваат цели институции, а моментно кај нас тоа се прави стихијно, полуприватно и волонтаристички од страна на министерот без јавно верификувани норми и критериуми.

Културолошките истражувања врз основа на чии резултати единствено би можела да се гради е на долгорочна национална програма, моментално не постои ниту државен орган кои би ги регистрирал сите културни дејности што се одржуваат во Републиката освен самото министерство, но само за тие во кои учествува со свои средства и насоките за стимулатива даночна и царинска политика во областа на културата, а без даночни олеснувања за денарот вложен во културата од другите правни лица не можат ни да се очекуваат по значајни спонзорства донации, фондации, легати и сл.

Исто така не се споменува можноста за странски вложувања во областа на културата со соодветни даночни олеснувања ако се непрофитабилни. Во Предлог законот нема ни збор за аматеризмот во културата што сметам дека е сериозен пропуст затоа што општо е познато дека од аматерите се регрутираат најчесто и професионалните кадри, а тие се и најчестите консументи на културните дејности и уметничките дела. Не се посебно одредени услови за развој, или друг опстанок на културните институции и дејности за кои грижата според овој Предлог закон ќе ја превземаат општините и локалната самоуправа. Дали со ова преструктуирање министерството ќе ги префрли на општините средствата што до сега ги давале за тие институции и дејности, или на кој начин нив ќе ги стимулира зашто оставени само на финансирање на општинскиот денар се прашувам како овие 6и можеле да опстанат. Дали

не е на повидок брза приватизација или грабеж на постојните домови на културата со пренамена за трговски дејности. Белки надежта не се гледа во натамошно наметнување на нови даноци на општинско ниво и обратно во поголемите центри на пр. во Скопје нема ли тоа неминовно да доведе до основање на парапелни локални мини министерства за култура со цела последователна мрежа од слични служби. Се отвораат многу сериозни прашања на ова ниво кои допрва треба да се регулираат како на пр., чие е културното наследство иконите и културните споменици во Охрид, на државата, или на локалната самоуправа? Или ако е мешано, во кој обем?

Што станува со спроведувањето на националната програма во општините, не постои ли опасност локалните, етничките интереси да ги истиснат државните. Дали националниот односно државниот интерес ќе се определува врз основа на фондот со дела со кои располага локалниот музеј или археолошки локалитет, или во случај на нивна евентуална приватизација, или паѓање под стечај, не постои ли опасност тој фондус да се продаде или разграби. Се надевам дека овие и други прашања покренати во јавноста и овие два дена во Собранието како и пројавените забелешки, замерки и предлози за измена на некои членови и утврдување на нови само ќе допринесат за подобрување на конечниот текст на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Има збор г-динот Џеладин Мурати

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Дами и господа,

Јас по овој закон се произнесов на седницата на комисијата за култура и таму го изнесов мојот став по однос на законот. Овде ќе се задржам накратко на некои основни елементи кои сепак ценам дека се битни за донесувањето на конечната верзија на законот.

VII/7

Прво го поддржувам донесувањето на законот, бидејќи тој регулира многу комплексна проблематика, комплексни односи во областа на културните дејности.

VIII/ 1.-РД/0М

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:(**Продолжение)

Како што се издавачката , филмската, оперската, галерискaта , библиотечката и т.н.

Второ, исто така ја поздравувам иницијативата на Министерството за култура овој предлог за донесување на закон да се објави во "Нова Македонија", каде навистина имаше можност сите субјекти на културното творештво да се произнесат по Предлогот за донесување на законот, по текстот, да ги достават своите забелешки, со што тие навистина претставуваат виден прилог во усовршувањето и квалитетот на самиот Предлог на закон.

Свесни сме дека се постигнати доста мислења, забелешки и предлози, кои сите тие заедно претставуваат прилог кон усовршување на структурата, на самата содржина на нормите кои ги предлага законот. Тука ќе кажам дека ниеден субјект на културните дејности на албанците регистрирани или не регистрирани, кои имаат видни активности, надвор од земјата, од државата и во самата држава, не доставил ниедна забелешка, ниеден предлог, ниедна сугестија и т.н. Сигурно сакам да забележам дека тоа можеби е и поради фактот што содржината на законот требаше да се објави и на албански јазик во весникот "Флака" , кој е доста пристапачен на албанската популација и на сите тие субјекти и структури кои навистина се ангажираат и се залага за стимулирање , унапредување и афирмирање на културните дејности, на културните вредности кои се создаваат во Републиката во целина како интегрален дел и на самите националности.

Ценам дека законот прави конкретни чекори напред во реализацијата на културната политика и на културата како вредност, како

димензија на човековото живеење и унапредување на демократските општествени односи.

Во овој контекст законот го гледам од повеќе аспекти, но три се најбитни: Нормативно развоен, стручно аналитичен и практично политички. Би било долго да се задржува на сите овие аспекти, иако беше изнесено серија на предлози и мислења, кои што сепак одат во прилог на усовршување на законот. Ќе се задржам само на практично-политичкиот аспект кој е неизбежен и истакнуван од повеќе дискутанти, презентиран е во самиот Предлог на законот, а тоа е дека тука се среќаваме со поимот национална култура, кој е неизбежен, не може да се негира, но притоа се залагам и предлагам паралелно со тоа да се истакнува и културата на националностите, која е толку сиромашна , но и толку ја збогатувам самата културна прилика , културното живеење во Републиката

Јас се надевам дека во подготвувањето на конечниот текст на законот, културата на националностите, што денеска пулсира, во Републикава ќе најде по соодветно место. Во тоа треба да се вклучи Министерството за култура, но и самите субјекти кои ја создаваат културата, националностите. Се заедно, со цел да се создадат релации на културните вредности, на културното творештво и културната политика како генерална определба за културното творештво во концепцијата на општеството каде живејат повеќе култури.

Мораме да создаваме услови, културата да има рамноправен третман за сите граѓани, впрочем тоа законот го потенцира, но прави отстапки од тоа , а сега наше е да се залагаме да предлагаме сето тоа да се вгради , бидејки е во интерес на развојот на културните дејности во државата, затоа што културата на националностите видно заостанува.

VIII/3. -

Мислам пред се заостанува нејзината институционализација. Има само една театарска куќа , тоа е театарот на националностите, албанската и турската драма, нема сценско музички институции , нема младински театар и театар за деца, а културно уметничките друштва не се прифаќаат во домовите на културата, додека аматерскиот театар во Дебар и Струга, во Тетово и во Кичево не се регистрираат, не се финансираат, така да културната дејност заради низа причини од овие што ги наведов осиромашува.

Законот треба целосно овие работи да ги согледува, да поаѓа од реалната состојба и за нив да обезбедува законска рамка. Впрочем, тоа е практично грижа за културната еманципација на граѓаните во целина и на националностите посебно. За ова потребно е зголемена изда- вачка дејност, зголемен библиотечен фонд, културни институции, афирмација на културните вредности, нивно финансирање, прифаќање во законски рамки и т.н. Тоа од причина што културата е квалитет што ја збогатува свеста на граѓаните. Културните вредности придонесуваат за меѓусебното разбирање и зближување. Во Македонија се развиваат и создаваап во простор и време во кој живееме мултикултура и таа треба да добие во свој приоритет.

При нагласувањето само на една димензија на културата и културното творештво води кон национална културна идентификација. Воопшто не го негирам тоа. Но , да се земат предвид и другите. Сето ова укажув ана сериозноста и значењето на културното творештво , која и во рамките на законската регулатива треба да ги решава овие проблеми раководејќи се од принципите на рамноправен културен развој на секој граѓанин и интегрирање на културата на националностите во националната култура. Создавање на институции кои ја развиваат, ја афармираат

националната култура на албанците во Македонија, на турците и така натаму, како што се создавање на театарска куќа, музичко сценска куќа институција за проучување на културните вредности, на културното творештво, на културните традиции, создавање на институција за балет и да не ги наредувам сите. Впрочем, во практиката не е така. На пример, се финансираат манифестации што го афирмираат творештвото во република Македонија, како што се театарски игри "Војдан Чернодрински" денови на македонската музика, "Тетовски хорски одзив',' "Илинденски денови", изворни инструменти "Долнени", "Мајски оперски вечери" и многу други, а не се поддржувааат фестивалите што го афирмираат, стимулираат културното творештво на албанците , како што беше истакнато и од повеќе дискутанти "ечи песно-Струга", веќе шеста или седма година по ред станува традиционално каде се презентира обработеното музичко творештво на албанците во Македонија, "Шара пее", "Фолклорен фестивал" петта или четврта година по ред "староградските песни" "Денови на етенестијг во Дебар и поетските денови"Нејн Фрашли" од Тетово .

Предлог законот за култура е комплексен проект, тој не ги одредува само механизмите на финансирањето на културата, или пак не ги регулира само кадровските и другите статутарни одредби на институциите на културата, туку промовира стратегија за развојот на културата во Република Македонија. Според тоа, тука има клучни прашања за кои беше доста расправано, а тоа се култура на национално ниво и култура на локално ниво. Национална програма, приватизација на културата и културните институции.

Промоцијата на две групи институции, т.е .национално и локално ниво, а без назначување на критериумите за тоа која ќе биде национална, а која локална, создава големи дилеми кај тие што работат

во областа на културата и тоа помалку личи дека културата на националностите ќе се маргинализира, дури прашање е дали и на кое ново ќе остане или ќе остане на локално ниво. Да остане на локално ниво и албанската и турската драма. Впрочем, културата е една вредност, независно дали се создава на село или во град. Треба да има рамноправен третман Не ја негирам оправданоста за создавање и на институции од локално ниво. Тоа се домовите на културата и други институции кои треба да работата во создавање на културните вредности и културното творештво, но пред се, не би се согласил културата на националностите да остане само на локално ниво.

Да заклучам. Ако државата не се сврти со својата политика кон културата на националностите и посебно кон градење и создавање институционална култура и културна дејност, нема да имаме интегрален културен развој. Во оваа насока има отворени проблеми на кој законот и законскиот проект кој треба да се направи во иднина во својата конечна верзија треба по сериозно да пристапи кон овие проблеми, кон афирмирање на културата на националностите.

Имам и четири глобални забелешки на самиот текст на законот. Во членот 9 став 2 точка 3 вели афирмација на македонската култура во странство. Сосема нормално , правилно и оправдано. Но тука сакам да се додаде и културата на националностите. Впрочем, и таа култура ја манифестира Република Македонија како демократска држва надвор од државата. Театарот на националностите, албанската драма оди надвор од државата. Разни културно уметнички друштва одат надвор, а со тоа придонесуваат аз афирмација на културата на националностите а во интегралниот текст и културата на Република Македонија.

Во членот 10 став 2 во националната програма посебно се утврдуваат да стои во националната програма и програмата за културата на националностите особено се утврдуваат во член 31 точка 1, односно став 1 за остварување на националниот интерес во културата, Републиката може да основ анационални установи, да се додаде и установи за култура на националностите кои живејат во Република Македонија.

Во член 63 став 1, после "театар" да стои "и театар на националностите , албанската и турската драма". Бидејќи вака изгледа дека тие практично се запоставени, или пак не ги сфаќаме термините и од тие причини предлагаме овие забелешки да се имаат предвид при подготвувањето на конечната верзија на законот за култура, мошне значаен, мошне потребен за афирмација за развојот и стимулирањето на културните дејности во Република Македонија.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска имаме пред нас Предлог аз донесување закон за културата. Со овој закон беше речено тука од овој законодавен дом дека доцни и тоа многу, затоа што многубројните проблеми со децении, а сега и со години се толку натрупани што во културата воопшто и покрај врвните постигнувања на поединци, групи, друштва и установи во културата постои од правен гледан аспект еден хаос во целата држава и работи кој како се снаоѓа, кој како знае, кој како може, односно како не може и како не треба.

Овој предложен текст, потенцира, од формално правен аспект не мора да кажувам секогаш дека е се црно што се предлага од предлагачот, туку можам да му дадам едно позитивно мислење,позитивна оценка меѓутоа од материјално правен аспект,што се однесува до содржината

дури е катастрофален. Зошто? Тука се набројуваат еден конгломерат на проблеми од културата и тоа не се опфатени сите проблеми , затоа што не се знае денеска што е култура, а што не е култура, што е културна политика, а што е политичка култура, меѓутоа, од формална страна овој распоред оваа квалификација ми личи на една добра брошура, или една мала книга има еден добар распоред и тоа е добро, не е лошо. Во однос на другите закони тоа го нема. Меѓутоа, почнувајќи од самиот наслов Предлог за донесување на закон за културата, а ние не баравме да се симне , како е вообичаено од дневниот ред, затоа што доцниме и овој закон ни треба на сите нас, без оглед на тоа дали е опозиција, позиција, без оглед на национално, верска и друга припадност.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, за да одговара адекватно, конкретно, реално, објективно на тоа што се изведува, тоа што се чувачо, тоа што се негува во Република Македонија, ништо нема да беше лошо во втората фаза овој закон од еднина нешто да измени, па да биде во множина - Предлог закон за културите. Со тоа ќе бидеме на чисто дека навистина не сакаме да создадеме еднонационална држава, една етничка, културна конфесионална држава, туку сакаме да бидеме такви какви што сме, мултиетничка, мултикултурна, мултиконфесионална и тн.

Во однос на тоа, на ист начин тоа што се спомнува во множина дека еден дек ќе дојде на ред и национална програма, исто така би требало да биде национални програми. Затоа што навистина Македонија е таква. Јас мислам не за жал, туку а доброто и тоа е позитивно за сите граѓани во оваа држава. Што повеќе култури, повеќе традиција, повеќе историја, пошаренолико, тоа е подобро, значи еден од друг треба да научиме. Човек никогаш не знае доволно. Сократ рекол - знам дека ништо не знам. Тешко оној кој мисли дека знае се.

Исто така, една добра оценка и за основните начела на Законот. Најверојатно се земени и од другите закони. Тука се спомнува Словенија па и други европски, само некогаш кога се трансформираат во нашите законски текстови, малку се искривуваат. Или лош превод или лошо составување и тн.

Кога сум кај ова што се предвидува, што е суштината на овој закон, имаме токму, не сакаме многу да читам членови и интерпретирам затоа што тоа треба да го направат новинарите, обично, само некогаш мора. Значи, во членот 1 став 2 "културата во смисла на овој закон ги опфаќа творештвото, дејностите за негово објавувал и дејностите за заштита и

користење на културното богатство". Само едно внимателно упоредување па ќе видиме дека во членот 54, можеби е тоа од формална природа, меѓутоа стои во дејности од областа на културата, скоро дословно се препишува. Можеби предлагачот забележал незнам со која литература се служел и што трансформирал, но мала е разликата да навистина тоа не чини. Во втората фаза ако случајно не се исправи најверојатно ќе имаме амандман. Затоа да се брише членот 54, да не го читам, бидејќи е скоро идентичен, погледајте сами два пати е.

Друго, што се однесува до гранките што се наброени, најверојатно не се сите опфатени, затоа е ова прва фаза и во иднина би требало да се направи и тоа.

Тоа што беше речено па дури и од позицијата дека во членот 67 посебно, тоа беше на друг начин во друг член, меѓутоа, тука стои најверојатно се повторува, јавно може да се прикажуваат само филмови титлувани,односно синхронизирани на македонски јазик. Титлувањето односно синхронизацијата јазично се лекторира.

Тоа што веќе зборуваме со години, па овие денови, мислам дека не е во ред. Значи, се негира една култура на една така голема популација како што е албанската, па и од другите национални колективитети. Значи со тоа нешто не е во ред.

Понатаму, само на кратко, не сакам да должам бидејќи овие денови бев многу зафатени со овие работи одам на локалните проблеми, на локално ниво. Тука веќе малку ќе се задржам, поконкретно да се анализира состојбата како е во нашите општини, посебно во новоформираните, руралните.

Состојбата во цела Македонија, кога се работи за овие, селски општини, а посебно во Западна Македонија, а уште попосебно сметам во моето Кичево, состојбата е катастрофална. Кога ќе дојдеме на ниво

како другите општини во Источна Македонија или во другите општини во градовите каде се централните, старите, бившите општини, затоа да го земам само примерот со општината Зајас од каде е основот од каде доаѓам јас, не само што нема ниту еден дом на културата, туку и самите општини немаат седиште, немаат зграда, немаат канцеларија. Во една се и тоа со плаќање на други од својот простор, од својата територија, од своето место. Дури општината за една барака плаќа на едно претпријатие.

Во другата општина за која се зборуваше многу тука, знаете кога беше Законот за територијална поделба, знаеме дека седиштето на општина Зајас беше одредено и стои во Законот во Зајас. Меѓутоа, седиштето не е во Зајас, туку е во Лапидол, во бившата гимназија "Дрита" за која вложија многу средства и нашите граѓани од Кичево и од странство. Таа се негираше како таква, меѓутоа, сега на општина Зајас и на цела Македонија таква зграда и е потребна. Меѓутоа, не е нешто во ред, треба прво да се гради општинска зграда, па потоа да се направи нешто повеќе.

Што се однесува до културата посебно, она што е веќе традиционо, она што е веќе стекнато, тоа што се негува на некој начин, треба да знаете една работа дека моето Кичево е едно од најбогатите места со културно благо, со културна традиција што се однесува до фолклорот, посебно песните и игрите. Меѓутоа и тоа што е останато, било да е останато од Илирско-Албанско време на албанците или пак од Римска империја, Византиска, Турска и досега во Кичево може да се каже слободно дека е една тера инкогнита, ничија земја. Не е ништо проучувано. Не само што нема институции. Не е направено вака на било кој друг организиран начин, на некој симпозиум, или тркалезна маса па сепак нешто да се направи, а такви културни богатства има колку сакате.

Било да е тоа од Калето, па до разни тумби и тн., за кои веќе треба посебно организирање, треба стручњаци, треба луѓе, треба експерти, треба во прв ред и средства, нормално.

Или пак, што се однесува до игрите и песните во народниот фолклор, Кичево, токму 1952 година на републичкиот фестивал во Македонија, точно од с. Грешница доби второ место за песни, а од Србивци и Србица го доби првото место за игри. Такво големо богатство, на спонтан начин и ден денес се негува. Меѓутоа, немаме организирање.

Позитивно е тоа што сепак, во однос на други општини што некои немаат или пак не се квалитетни, Кичево има еден добар културен дом, Дом на културата. Меѓутоа, како се користи тој дом, тоа е големо прашање, дури треба и најголемите таленти и разни други уметнички друштва да плаќаат и тоа до 500-1.000 марки за една претстава, за час, час и половина, 2 часа, што не е во ред. Да не зборувам за учеството на припадноста на другите национални колективитети, Албанците што дури ни симболично не учествуваат, и во иднина тоа треба а се гледа како перспектива што може да се направи.

Или пак постои Театарот, порано беше проблем со тоа какви цели имаше за време на комунизмот основано на 29 јануари 19 63 година за цело Кичево, за цела општина и нормално не беше регистрирано, а подоцна друштвото Sиsа од с. Грешница со седиште, беше регистрирана потпишана, после преку телевизија даде програма во една прилика.

Сега што, дури зањ време на оваа таканаречена демократија имаме проблеми. Веќе 2 години барав неколку пати тука еден режисер кој беше бесплатно донесен, не бараше никакво компензирање, од Албанија, од Тирана, г-динот Сокол Ангели, веќе претставата "Карне-валот е..." од писателот Спиро Камуран, беше при крај сценски да се

изведе и така да го добие својот епилог. Меѓутоа, и ден денеска не е вратен и направено му е ембарго на 4 години да не се враќа бидејќи поставил комедија на сцена во Кичево.

Такви и други проблеми има колку сакате. Ќе дојдеме до еден друг хаос, друг апсурд, што барем во културата не треба да имаме казни.

Еве, се бара да се казнат било правно лице или физичко лице, со толку голема сума на пари што мислам дека нема никаква смисла. ако има некои проблеми треба да е најде пример, а не уште пари. Значи, некој бара да се збогати, владината, државната каса, преку овие друштва, преку културата, установите што некаде ги има, а некаде ги нема, такви какви ни се.

Затоа предлагам овие други забелешки што беа и од моите колеги пратеници, другите, да се земат предвид за време на II фаза. Тогаш навистина д имаме еден добар закон за култура, и ветувам ако се земат предвид овие работи, односно да се исклучи она дискриминаторското што е низ целиот закон, што се гледа и заради тоа што многу ме интересира културата, а можам да одржам цело предавање зошто и како, би гласал кога ќе се донесе овој закон.

Не реков кога и како.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството, дами и господа,

IX/6.-

Во својата дискусија ќе се обидам да се осврнам со општи квалификации за законот, а потоа ќе ги понудам и конкретните забелешки.

Прво, се согласувам со сите пратеници што кажаа дека воопшто не е спорна потребата од донесување на закон или закони што би ја регулирале оваа важна област за РМ. Токму спротивно, мислам дека ужасно многу доцниме затоа што влеговме во 8-та година од стекнувањето на независноста на нашата земја и државите што го одат патот низ кои одиме ние, тоа го решиле далеку пред РМ.
Состојбата на недонесување законска регулатива, односно фактот дека во нашата земја по донесувањето на уставните амандмани и постигнувањето на независноста сеуште се работи по закони од стариот социјалистички систем, во нашата земјата доведе многу културни институции, установи и дејности да бидат уназадени и блокирани.

Овој закон многу мегаломанска има амбиција да ви нормира сите дејности од сверата на културата. Тука се поставува првото и централно прашање околу самиот концепт што го нуди Министерството за култура односно Владата на РМ. Имено, како ретко кој закон што бил предложен во ова Собрание, овој закон предизвика бура на негодувања и различни квалификации и мислења во јавноста посебно од луѓе кои секојдневно се занимаваат и се добри познавачи на областа на културата. Доколку Министерството и Владата држат до себе, со големо достоинство требаше да го повлечат овој закон и да го преработат за да можат да ги земат предвид сите забелешки и повторно, без никаков срам да го предложат во постапка во Собранието на РМ.

IX/7.-

Оваа верзија на закон, колку што јас успеав да соберам информации, впрочем и не е некое ново решение што го предлага Владата. Ова решение произлегува всушност од концептот за нормативно регулирање на културата донесен во 199 5 година. Не знам кој министер беше тогаш, дали г-динот Гунер Исмаил или г-динот Ешреф Алиу. Тоа лесно можев да го утврдам дека текстот се разликува во одредени делови. Меѓутоа, одредени решенија се преземени од концептот што го имаат правено луѓето во Министерството за култура, во времето на г-динот Ешреф Алиу. Тоа го заклучив читајќи ги мислењата што се доставени до Владата од Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии во врска со несогласноста на некои одредби што биле вградени во тој текст на законот, што за жал и покрај негативното мислење од Министерството за финансии и на Секретаријатот за законодавство се вградени и во овој текст на законот, што мислам ќе создаде дополнителни проблеми во понатамошниот период.

Мислам дека овој предлог закон што ни е понуден е избрзано, непромислено и неаргументирано решение, затоа што не ги издржа проверките и критиките од страна на луѓето кои многу добро ја познаваат оваа проблематика. И, како што рече еден еминентен уметник, овој текст на закон му заличел како "бушавата азбука". Има многу работи што предлагачот се обидува д ги регулира, мешање на надлежности и ингеренции, влегување од една во друга област, несогласност со уставните одредби и тн.

Очигледно дека предлагачот имал голема амбиција со овој закон и благодарение на некои од новинарите кои се ставија во одбрана на ваквиот текст на законот, спротивно од мислењето на луѓето од областа на културата, избрзаа да го наречаст мал Устав за културата. Иако, според својот квалитет, впрочем, тоа воопшто и не го заслужува, затоа што не соодветствува на таа работа.

IX/8.-

Имено, предлагачот се обидува во своето образложение да каже дека се користени искуства од некои земји, посебно дека е земено предвид искуството од Словенија што воопшто не е точно, затоа што словенечкиот концепт е многу поинаков. Тоа може да се види од самиот наслов на законот, затоа што во Словенија со закон се регулирани јавните интереси во областа на културата, за разлика од нашиот концепт, каде што со еден закон, наместо со неколку, иако и тука идејата не е до крај јасна, на предлагачот затоа што во еден член пак се вели дека ќе бидат донесени и некои други потсистемски закони што треба да произлезата од овој закон. значи таа идеја не ја води до крај. Сака на едно место д ги регулира сите проблеми од областа на културата. Поради тоа, законот пати од преголема пренормираност.

Има контрадикторност и со самиот Устав на РМ, затоа што Уставот, како што вели, Секретаријатот за законодавство на РМ, воопшто не признава категоризирање на интереси на национален, локален или приватен. Во Уставот постои категоризација само на јавен интерес, за кои треба да се одлучи со донесување на соодветни законски решенија.

Министерството се обидува тоа да го протне на мала врата спомнувајќи на едно место во првите членови дека се работи за јавен,(национален интерес), и потоа никаде не употребува термин "јавен интерес" туку го спротнува терминот национален интерес на мала врата што од друга страна создава многу проблеми. И во дискусиите се виде и во јавната дискусија затоа што следствено нас тоа, адекватно не се решени и дефинирани националните интереси во понатамошниот дел на законот.

Второ, во многу одредби што се содржани во овој закон, непотребно се оптоварува законот, затоа што за такви одредби нема потреба, со такви одредби нема потреба да се оптоварува законот бидејќи тоа се решенија што стандардно важат и за други области, како на пример за правото на штајк, за надзорот и инспекциите во областа на културата,за правата од работен однос и даночните олеснувања и тн, што е исто така мислење и на Министерството за финансии и на Секретаријатот за законодавство. Меѓутоа, изгледа сегашниот министер е поавторитетен од претходните па успеал тие мислења во оваа фаза да ги преврти во своја полза кога се расправало во Владата на Република Македонија.

Исто така, мислам дека не е добро решана ни класификацијата на дејностите. Некои дејности се испуштени како дејности од работата на домовите на културата, а некои се површно или недоволно обработени како што се литературното творештво, критиката, преведувањето или ликовната уметност.

Па, самиот факт дека во Уставот на Република Македонија, на повеќе места се зборува за уметноста, овде во овој закон уметноста воопшто не се третира, од насловот на Законот, па потоа во целиот текст на Законот, што исто така не соодветствува на терминологијата што е употребена во самиот текст на Уставот на Република Македонија.

Мислам дека несоодветно се решени проблемите во врска со националните програми, затоа што се дава преголемо значење со националната програма што, всушност е акт за спроведување на државната политика во областа на културата. Дозволено е со нив да се решава и прашањето за организација и мрежата на институциите од национален карактер во областа на културата.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

Посебна приказна е постоењето, така како што е дефинирано, на Советот за култура, впрочем, тука Владата воопшто не е доследна ниту имавме прилика да бидеме во времето кога министерот за надворешни работи беше г-динот Фрчковски, тој да формира Совет за надворешни работи или дипломатски совет како што го нарече, и тогаш нему воопшто не му беше потребен никаков законски акт, за да го формира тој совет. Мислам дека овие одредби за Советот треба да се бришат од текстот на законот доколку е да ги има тие надлежности што сега му ги предвидува на Советот, како советодавно тело на министерот за култура, затоа што тоа едноставно може да се претвори како еден параван зад кој ќе се крие неодговорноста и слабите и лоши потези на министерот за култура и дека ќе, каков израз да употребам ќе им помогне на еден одреден круг на луѓе, веројатно блиски до него да имаат одреден месечен надоместок за вршењето на својата функција во Советот. Ако Министерството мисли сериозно дека има потреба да се формира Совет за култура, тој Совет би требало да биде нешто слично како што е советот за радиодифузија, тој совет да се бира од Собранието на Република Македонија и да има многу поголеми и многу пошироки надлежности и овластувања, отколку што ги има овој совет, затоа што овој совет така како што е предвиден може да се формира со интерна одлука на Владата на РМ врз основа на актите кои ја регулираат активноста на Владата на РМ, како што тоа беше правено во минатиот период.

Посебна приказна се одредбите каде што се зборува за фондови и фондации, исто така, тоа се работи кои се испреплетуваат. Имено, имајќи го предвид фактот дека дејностите од областа на културата во најголем дел се финансираат од Буџетот на РМ. Несватлива е идејата паралелно со буџетското финансирање да се предвиди постоење и на фонд за финансирање на дејностите од областа на културата, затоа што

X/2.-

изворот на средства е државата односно Буџетот на РМ и тука би имало непотребен паралелизам. Или треба да се прифати едното решение, да се оди само на буџетско финансирање или во спротивно да се основа фонд преку кој фонд би се финансирале сите дејности. Исто така, не-потребно е оптоварен законот со одредбите за дејствувањето односно фор мирање на фондации, затоа што тоа ќе биде, се надевам скоро решено со Законот за здружение на граѓани и фондации. Таму ќе биде точно предвидено процедурата за формирање на фондации во РМ кои ќе се однесуваат и за евентуалните фондации кои би се основале за стимулирање на културните дејности во РМ. Веројатно, министерот имал преголеми амбиции, посебно ако се има предвид фактот дека без никакво законско оправдување на штотуку формираната фондација благонаклоно мимо буџетот, распределбата на средствата со Буџетот и поклони 60 илјади германски марки, веројатно претходно предвидени за некоја друга дејност, па затоа ќе ни се случуваат такви работи како што се случуваа минатата година во областа на културата по 7 0 жени да праќаме да се шетаат во Солун и да ја претставуваат македонската култура. Да имаме денови на македонската култура во Њујорк каде што ќе ги следат активностите само вработените во амбасадата, а за сметка на тоа вработените во областа на културата ќе земаат мизерно ниски плати и ќе немаат средства за спроведување на основните програми, заради кои и се основани.

Посебно е интересно прашањето во врска со категоризацијата на националниот, локалниот и личниот интерес во областа на културата Мислам дека овие решенија, кои се предвидени во нашиот закон не постојат никаде во ниедна европска држава, можеби и пошироко во ниеден континент во светот, не заради тоа што тоа несоответствува на уставните одредби, туку затоа што се многу нејасно дефинирани. Тоа се обиде министерот во своето излагање да го дообјасни, меѓутоа тоа што тој го кажуваше не произлегува од самата содржина на законот н затоа

таквите одредби предизвикаа големо внимание и страв кај луѓето кои ги водат и се вработени во институциите од областа на културата во единиците на локалната самоуправа од следните причини.-

Прво, не значи дека национален интерес од областа на културата е само тоа што се прави на државно ниво во Скопје. Постојат институции кои се многу важни за нацијата во смисла македонска нација во државјанска смисла, а не на етничка смисла само на Македонците. Како на пример, на територијата на општина Велес се наоѓа локалитетот Стоби и тоа не е само од национален интерес, би рекол, тоа е од цивилизациски интерес, а поради негрижата на Министерството или недостатокот на средства по пробивањето на автопатот фактички тој локалитет воопшто не е ограден. Каква ќе биде судбината на тој локалитет, како и на другите значајни објекти, кои се наоѓаат на територијата на општина Велес да кажеме во Горно Врановци, кои имаат историско значење во развојот на нашата земја е прашање кое внесува многу несигурност и страв, затоа што законодавецот воопшто не предвидува како ќе се финансираат тие дејности од областа на културата, едноставно ги префрлува во надлежност на единиците на локалната самоуправа.

Од друга страна тоа може да предизвика, посебно на територијата на Скопје зголемување на администрацијата, која би се занимавала со оваа област, затоа што на територијата на Скопје има можеби дваесетина институции кои се од областа на културата и за да може градскиот совет на Скопје да ја следи таа проблематика, веројатно, ќе треба да формира некое мини министерство во рамките на градскиот совет, за да може да престигне да ги регулира тие работи.

Посебно е загрижувачка состојбата, затоа што некои работи се повторуваат од историјата. Мене ми беше кажано една многу интересна приказна што се случувало во 1965 односно 1966 година кога по налог на културно-просветната заедница во Велес бил пратен почитуваниот веќе

X/4.-

сега покоен г-дин Петре Прличко, а во Прилеп г-динот Милчин кои се доаени на актерството во РМ, затоа што Прличко е од Велес, а Милчин од Прилеп, да ги убедуваат велешани и прилепчани дека не им се потребни театрите затоа што во Прилеп претстави ќе дава битолскиот театар, а во Велес ќе дава скопскиот македонски народен театар. Меѓутоа иако била формирана комисија која успеала да продаде се што има во театарот во Велес, за 20 години Македонскиот народен театар ниеднаш не стапнал да даде претстава во Велес и после тоа повторно е возобновен велешкиот театар, кој за среќа работи толку успешно, што успева годишно да прави повеќе премиери, отколку што прави националниот македонски народ театар, со далеку помали финансиски средства и со многу полоши материјално.финансиски услови и други претстави. Тоа што им успеало на тие од КПЗ од Велес, не им успеало за среќа во Прилеп и прилепчани буквално го набркале Милчин, затоа што му рекле дека не го даваат театарот, ако треба по еден корен од тутунот ќе одгледуваат за театарот, меѓутоа театарот ќе остане да функционира. За среќа така е и до ден денешен.

Сега би сакал во функција да им помогнам на претставниците на Министерството за култура да дадам и некои конкретни забелешки во врска со одредбите кои се вградени во законот.

Во врска со амбициозниот концепт на законот би сакал да ги дадам следните аргументи дека овој закон пропишува посебни услови за регистрирање и вршење дури и на најбанални работи во културата, дека на министерот му дава право да оценува дали тие услови се исполнети член 2 9 став 3, па дури и му го дава апсолутното право да оценува дали одредени работи се сметаат за дејност од областа на културата член 56 став 2, што мислам дека е преголема надлежност на министерот, без разлика кој ќе биде министер во иднина. Му го дава правото на министерот да издава одобрение за ангажирање на странски државјани за вршење дури и на нај баналните работи во културата и

X/5.-

тоа за целата територија на РМ, категорично бара за гостувањата на странски уметници во Републиката, договорите претходно да се доставуваат до министерството за култура во таканаречените национални установи воведува принцип на апсолутно мнозинство во управните одбори, бидејќи сите членови ги именува исклучително Владата. И на крај, за уште подобра контрола, воведува инспекција во културата односно инспектори со права поголеми дури и од полициските органи кои ќе имаат овластувања да влегуваат буквално секаде дури и во домовите на уметниците.

Повторувањето на одделни уставни начела, но и воведувањето на нови дека културата е вредност на Република Македонија, мешањето на проблематиката од надлежност на други прописи, тоа веќе го кажав, како што се авторски права, правата од работен однос, трговски друштва штрајкови итн. Дефинирање на поимот уметник во смисла на овој закон што веројатно е првпат во историјата на правната регулатива и како да постојат и некои други луѓе уметници кои се вон смислата на овој закон Уметниците самоиницијативно ги трансформира во трговци и на такви тогаш можеби им испрати инспектори. Телевизиските куќи законот ги промовира во установи што вршат филмска дејност, веројатно, со намера подоцна и нив да ги инспектира. Националните установи ги доведува до состојба на стечај, а на трговските друштва им дава право да се алиментираат од Републичкиот буџет. Театрите, оркестрите, галериите, кината ги прекрстува во ступидното име дејности за објавување на творештвото итн.

Во врска со националната програма за култура, би го кажал следното дека, прво, поимот програма е несоодветен, зашто подразбира некакви квантификации, некакво димензионирање изразено и со броеви. Како ќе се квантифицира и изрази во броеви, на пример, творештвото. Дали ќе се предвиди колку дела ќе напишат авторите или колку слики ќе насликаат сликарите. Во таа програма ќе треба да се предвиди и петго-

X/6.-

дишниот обем на средства како ќе се направи тоа наспроти годишното донесување на Буџетот на РМ. Покрај историската дефиниција на уметник во ставот 1 вели дека за уметник не може да се пропишуваат услови како на пример образование. Дали тоа значи дека треба да ги затвориме уметничките школи и академии ако за уметниците не е потребно образование. Или кога во некоја национална институција ќе се распише конкурс за прием на уметник, дали нема да се предвидува и соодветно образование. Дали е свесен предлагачот за сите последици од една ваква формулација,

За членовите 21 до 23 уметниците ги обврзува да се регистрираат во суд како трговци поединци и понатаму ги класифицира дека имаат профитна цел. Ова е во суштина една од големите дефекти во законот, но ниту таа не е консеквентно изведена до крај. Имено, ако веќе имаат профитна цел и се трговци, од каде потоа правото да се алиментираат од Републичкиот буџет, како што е предвидено во член 23 и тоа со одлука на министерот за култура.

Членовите 25 до 27 објаснувањето на установите со непрофитна и профитна цел е толку небулозно, што е дури и смешно. Особено, на установите со непрофитна цел, на кои пак автоматски им се дава правото да бидат ослободени од данокот на добивка.

Од друга страна и странско, физичко и правно лице може да основа таква установа и да добива средства од Републичкиот буџет. Навистина невидено.

За националните установи, овој дел од законот е посебна приказна, почнувајќи од основањето, односно прогласувањето на една институција за национална установа без каков и да е критериум, па до Управниот одбор, што во целост го именува Владата, до директорот именуван од министерот, но со мандат од 3 години. Од која европска земја е преземено ова искуство, се прашувам самиот.

X/7.-

За членовите 77 и 78. Во член 77 предлагачот ни открива голема мудрост дека уметникот и друго физичко лице, по правило, обезбедува средства за работа, а средства за основање и работа обезбедува основачот или можеби предлагачот имал таква идеја, тоа да им го обезбедува државата. Но, веќе во наредниот член сите субјекти, независно дали се профитни или непрофитни, без оглед дали се национални установи или трговски друштва, сите на еден или на друг начин можат да користат средства од државниот буџет по еден или по друг повод на име откупи, награди и сл., само за реализирани проекти од национален интерес. Како може откуп направен од, на пример физичко лице или трговско друштво со профитна цел да биде национален интерес. До каде ли е растеглив тој национален интерес.- Или кој ќе го оценува оној чуден збор и сл., што исто така може да биде од национален интерес. Од тој збор може буквално да се подведе се.

Во врска со инспекцискиот надзор, цел оддел во законот што дефинитивно ќе не вклучи во напредниот демократски свет. За илустрација доволно е да се нагласи дека инспекторот е овластен во секое време да влезе во просториите каде се обавува дејноста на установата или другото правно лице односно кај физичкото лице, член 112. Ова треба да се чиста дека влегува секаде и секогаш каде сака и кога сака, да му позавиди дури и полицијата.

И уште една илустрација за демократичноста и граѓанскиот концепт на предлогот. Во член 109 се вели дека сите односно директорите на установите на другите правни и физички лица се должни на инспекторот да му даваат податоци и известување. Исто така, мислам дека не се добро разработени одредбите од членовите 8,47,48,49 и 56 од Уставот на РМ каде што се зборува за дејностите од областа на културата во споредба со членовите 1 и 2 од Законот. Во Уставот, во членот 8 се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на РМ, а сосема спротивно или извртено со членот 1 од Законот за културата се прогла-

X/8.-

сува за темелна вредност на РМ. Терминолошки не соодветствува на одредбите од Уставот. Содржината на појмот култура од став 2 на член 1 треба да се преиспита во смисла на член 47 од Уставот со кој се гарантира слободата меѓу другите и на уметничкото творештво се гарантираат правата што произлегуваат од тоа творештво. Ова е потребно заради тоа што во истиот член се зборува и за уметноста и за културата Дали точно предлагачот ја дефинирал целта што сака да ја постигне со овој закон. Ако целта на предлагачот е да ги утврди основите на културата и притоа да ја доразработи уставната определба за поттикнуваше, помагање и штитење на развојот на културата, го поставувам прашањето што останува со истата таква определба, одредба и за уметноста.

Предлагачот со член 2 предвидува поттикнување и помагање на културата особено преку пропишување поволни услови за остварува&е на културни и уметнички вредности и за нивно користење, но не кажува кој и тоа ќе го прави кога и со што ќе го пропише.

Исто така, неуспешен е и обидот да се дефинира културата во член 1 став 2 а остварувањето на културата да го гарантира преку утврдување на јавниот, националниот интерес во РМ во културата. Но, што ако гаранцијата на Републиката за остварување на културата е утврдувањето на националниот интерес во културата и за тој интерес се донесува и национална програма и се основаат национални установи. Тогаш колку е отпорен членот 3 од Законот, според кој, секој може да ја остварува културата.

Во членот 4, став 1 од Законот за секој се утврдува право на творештво и творештвото е слободно.

Што е смислата на овие одредби, не знам, кога во Уставот член 8 став 2 јасно и прецизно стои дека цитирам "во Република Македонија слободно е се што со Уставот и законите не е забрането, а во член 47 став 1 се гарантира слободата на научно,уметничко и други видови на творештво.

X/9.-

За какво творештво предлагачот на законот утврдува и право на секој и гарантира слобода, веројатно, само тој знае, ама не сака да каже. Доследен е на определбата од член 1 став 2 каде ја започнал тајната потпирајќи ја врз узурпираното право да ги уреди со Законот за културата сите видови творештво и сите дејности за негово остваруваше. Веројатно, тоа не е видено во ни една земај до сега.

Посебно внимание заслужува прашањето околу поделбата на интересот на РМ во културата на национален,локален и поединечен. Корисно би било да се каже уставниот основ на оваа поделба, но, се разбира, не се кажува. Јас само би прашал како може национален интерес во културата да биде културата што е од заеднички интерес на граѓаните на Републиката, локален интерес во културата од значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа, а поединечен интерес во културата да биде културата што ја остваруваат уметници, установи и други правни и физички лица врз основа на сопствена одлука и средства ако културата како поим и содржина од член 1 став 2 ја остваруваат уметници, установи и други правни и физички лица, како што стои во член 18 став 1, а истите тие субјекти од став 1 на овој член можат да остваруваат и национален интерес во културата.

Посебно се битни овие класификации поради можноста кога институциите ќе преминат во надлежност на единиците на локалната самоуправа да бидат под силно влијание од Албанија, Бугарија, Србија итн. и посебно што би сакал да потенцирам е фактот што многу институции или манифестации кои до сега имаа повеќе од национален карактер, би ја спомнал пак од Велес манифестацијата "Рацинови средби", која бедно се финансира со само 16 иљади ДМ годишно кои многу тешко ги добива од Министерството, да речеме наспроти "Струшките вечери на поезијата" за кои само во 1996 година се потрошени 600 иљади ДМ., а да не зборувам за Охридско културно лето.

X/10.-

Охридско културно лето да се скрати за еден ден ќе има доволно пари веројатно за сите други вакви помали манифестации.

Дали може да се очекува и на некој друг министер да му падне на памет да класифицира, категоризира, дефинира исти такви или слични нивоа на интерес во друга област или дејност.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

И кога сме кај дефинициите, да потсетам дека во Предлогот се прави обид да се дефинираат над 20 поими, меѓу кои за одбележување се културата во член 1 , уметник во член 1 до 9 , дејности во културата како што се издавачка, филмска, галериска, сценска, уметничка, посредничка и др, а посебно внимание заслужува дефиницијата на член 76 став 2 , кој е своевиден бисер во законот во кој се вели: "Дејност за заштита на недвижното културно богатство е дејноста за заштита и користење на недвижното културно богатство". Самата формулација кажува многу.

На крајот би сакал да кажам дека во областа на културата се потребни многу сериозни напори за даночни олеснувања за да можат луѓето кои сакаат да спонзорираат и да финансираат одредени дејности во културата да бидат стимулирани. Во нашата држава постоеше таква пракса, меѓутоа, за жал беше укината, наспроти финансирањето на одредени активности во спортот. Исто така мислам дека не е добро и Министерството би требало да вгради дел кој ќе зборува за аматеризмот во областа на културата, затоа што отсуствува од овој закон и посебно затоа што има потреба да се потенцира потребата за претставување на македонската култура во странство. Во рамките на поранешна Југославија, Македонија беше позната^ како Република која имаше најразвијна културна соработка со странство. Тоа порано го правеше за Комисијата за културни врски со странство, чиј раководител едно време беше г-динот Матеа Матевски и мислам дека Министерството треба да предвиди постоење, во рамките на Министерството или посебно како одредена дирекција или институција која би се занимавала со претставувањето на македонската култура во странство.

XI/2

Бидејќи разговараме за закон од областа на културата, би сакал да прочитам две песни "Молитва", кои ја одразуваат суштината и мислам дека ќе бидат патоказ за луѓето кои треба да го доработуваат законот. Едната е од Блаже Коневски со наслов "Молитва" а другата од Одос Хакели. Вели вака:

"Спасиме, боже, од болните луѓе
што се накажани, а не се криви.

Нивната злоба умерено суди ја
самите од неа одвај се живи.
Тие се мислат повикани да водат
како Мојсие и другите пороци,
а носат со себе ситни пороци.
Дај господе, што помалку
очите да им ги бодам
штом тие лево ќе фатат,
јас десно да одам".

И другата од Одос Хакели:

" О, Господе, подари ми смиреност да го прифатиме
тоа што не може да се промени,
храброст да го промениме
тоа што треба да се промени
и мудрост да го разликуваме
едното од другото".

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Министерството и почитувани колеги пратеници,

Ќе продолжам во еден сличен стил дека "светот го подразбирам единствено како поле на културен натпревар меѓу народите". Сигурно' не е моја мисла, меѓутоа мисла која еве за неколку години доживува еден век како е изречена и можам да ја наречам толку визионерска, толку соодветна и апликативна за оваа мала држава што се сомневам дека некој ќе може било кога да изрече една таква мисла. И навистина, со што можеме ние како Македонија да се справиме да се афирмираме, да се натпреваруваме, па ако сакате и да се бориме во светот ако не со културата, културните дејности,остатоците на културни творби, творештво, минато, сегашност и се разбира иднина. И навистина, тоа е нашата шанса , тоа е шанса на која мора да посветиме внимание и треба да бидеме радосни што овој закон предизвика еден ваков интерес.

Обидот најхетерогената дејност во општеството да се регулира со закон само по себе претставува колку храбар толку и одговорен потег. Евидентно дека културата живее, се твори се создава и бе овој закон, во тоа е и< нејзината неприкосновеност да биде незаменлива и секогаш да претставува предизвик за сите. Обидот една ваква дејност да се систематизира, се конципира и законски да се уреди мора да добие поддршка од сите. Во таа насока ја има и поддршката од Демократската партија на Македонија. Се разбира бидејќи е прва фаза, со можност сите предлози и размислувања и корисни сугестии да бидат вградени во втората фаза и да се надеваме и конечна фаза на овој закон.

Сигурно дека овој закон предизвикува особен интерес бидејќи објективно оние што создаваат, пласираат култура се луѓе кои се разликуваат од она што значи една просечност и она што значи едно сивило и монотонија. Во таа насока, со респект мораме да ги префатиме

сите сугестии кои овие денови во јавноста ги слушаме, без оглед на политичката, партиската, па ако сакате и еснафската обоеност, иако ќе бевме посреќни ако во оваа насока слушневме повеќе конкретни мислења, сугестии и забелешки од луѓе кои водат институции на културата или кои лично се бават. Присутни се, но мислам недоволно, иако предизвикот е голем, и особено она што единствен закон кој што им беше достапен на сите граѓани е токму овој закон преку средствата за јавно информирање. Дали е сега министерот Унковски или утре ќе биде друг(, најмалку треба да биде важно, така што воопшто не можам да прифатам критики дека не постои усогласеност во она што значата ингеренции на министер, Влада, Парламент, Совет, директори, директориуми и тн. Никој не може и никаде тоа да го усогласи, се си тече, најповеќе културата си го пробива својот пат, така што воопшто не смееме да се обидеме сето ова да го вкалкулираме дека во еден мандат и дел од мандат треба да бидат регулирани сите прашања што значат закон за култура. Едни ќе донесуваат прва фаза на закон, други втора, трети ќе ја реализираат, четврти ќе мораат дури да се демантираат со ова што денес го изнесуваме ако утре бидеме во изменети улоги, што е и нормално природно. Меѓутоа, објективно сепак има од што да почнеме, има за што да даваме забелешки, има зошто да се заангажираме многу повеќе и да го вложиме сиот свој интелект и размислувања, за да имаме на крајот еден квалитетен закон. Закон во кој најмалку треба да има политика и политизација и не треба се да прифатиме што би рекле"со ѓон" или "сонож".

Најповеќе бев изненаден дека многу творци за кои имав мнслење дека се и врвни интелектуалци во државата употребуваат многу тешки зборови дека се работи за нешто што нема врска со закон, за нешто што практично претставува една конфузија. Но тоа е прамм личен однос и лична култура во законот за култура.

Не може еден ваков закон кој што мора да среди многу области, дејности од она што се културни вредности, од она што е традиција, преку она што е карактеристика на македонската песна, фолклор, и традиции, до она што е минато, многу минато, она што е музејска, кинотечна, библиотекарска и друга дејност, па се до она што е наше секојдневие. И, нормално дека во тој закон мора да има и поквалитетно изработени делови, понеквалитетно и дури дејности само нагласени што, и добро е што се предвидува дека ќе бидат регулирани со посебни законски проекти, како што е законот за библиотеки, законот за музејска дејност итн.

Сигурно дека домовите на културата ќе мора да се третираат веројатно посебно, бидејќуи претставуваат една специфичност и карактеристика. Тоа се објекти во кои што се практикува, во кои што се обавува огромен дел од она што значи дејности, и веројатно тоа ќе претставува една своја специфика.

Концентрацијата на компетенции во она што значи министер или Министерство е логична последица на она што не треба да не изненадува. Концентрација на извршна власт, а ние не гледам дека имаме поинакви состојби во здравството, во образованието и другите дејности. Постои таа една вертикала и, да почекаме, дека можеби министерот и нема да ја злоупотреби таа моќ да биде пристрасен и практично самиот да отиде во една крајност, утре да биде критикуван токму најмногу од неговите колеги по професија и по вокација.

Најмалку е обработен делот објекти на културата, нивната заштита, нивното одржување. Она што е најважното, сопственичката трансформација. Со оваа трансформација само бегло се напоменува дека ќе се решава, а јас би истакнал едно негативно искуство. Кога го

донесувавме закон за физичка култура рековме дека со друг закон и понатаму ќе биде регулирано правото на управување, правото на сопственост или, со еден збор она што значи сопственичка трансформација.

Еве, 2 години по донесувањето на тој закон, воопшто овој проблем не само што не го разрешуваме, туку се повеќе е присутен и во јавноста и во секојдневното експлоатирање на овие објекти. Да не ни се случи овие објекти кои имаат огромни вредности, непроценливи, дури вредности што се немерливи, на некој начин да дојдат во рацете на она што значи приватност и приватна сопственост.

Фрескосликарството, иконите и други објекти немаат цена. Не може а се мерат со пари. Меѓутоа, дали може денеска да се изградат домови на култура што некои вчера ги спомна од онаа категорија на АСНОМ што симболизираат нешто, но имаат и огромни вредности и, кон кои се насочени амбициите на многу субјекти да бидат нивни стопани. Мислам дека таквото нешто не смее да се дозволи.

Се приклучувам кон оние дискусии дека многу малку во културата е регулирано она што значат обврски на оние кои стопанисуваат со овие објекти. Најчесто тука сме оптоварени и на овие наши седници во јавноста дека многу малку пари се даваат за култура. Никаде ние не добивме информации, а видовме еден филм кој што во многу укажува на еден недомаќински однос, на еден однос, дури би рекол, застрашувачки, за кој што треба да се одговара, затоа што во сите тие секвенци што ги

водевме, верувам дека не е во прашање недостиг на средства од соодветното министерство. Повеќе би рекол дека е во прашање недостаток на елементарно чувство на култура, за да не се доведуваат тие објекти да пропаѓаат.

Не може никој да не убеди дека она што е значат елементарен однос кој заштита, физичка заштита, заштита од дождови, заштита од влага и тн., дека треба да бидат решавани секогаш преку Министерството за култура. Сите сме сведоци дека овие објекти имаат и дополнителна дејност. И тоа значајна. Се слеваат огромни средства. Прашање е како тие се евидентираат и како се користат. Ако министерот, почитуваниот г-дин Унковски самиот знае дека неговиот личен доход е помал од повеќе директори на културни институции, дали во прашање е секогаш дека министерството не доделува доволно средства. Нека размисли министерот самиот за таквата поставеност, одговорност и она што значи релации помеѓу првиот човек на културата и сите други без исклучок.

Управниот надзор и казнените одредби регулираат многу нешта. Пред се, тука има една комплементарност со други закони, без оглед што законот за радиодифузна дејност спаѓа во Министерството за сообраќај и врски. Сметам дека еден дел е комплетементарен со овој закон, особено законот за употреба на македонскиот јазик. Сето тоа тоа претставува една целина и корелација и добро е да бидат казнени одредби ако се титлуваат филмови на нелекториран македонски јазик или не дај боже ако воопшто немаме титулување и превод што еве претставува уште една поддршка на, пред некој ден донесениот Закон.

Прашањето на аматеризмот како баласт на едно време, многу брзо го прогласивме како ерес, вклучувајќи ги културно просветните заедници што одиграа една пионерска улога и чие отсуство веќе го чувствуваме одосбено во градовите надвор од Скопје, Не се најде соодветна алтернатива и од тука произлегува незадоволството во скоро сите градови во провинцијата за неактивност и згаснување на многу институции од она што значи творештво, автентичност, традиции и тн.

Преплетувањето на ингеренциите на централната и локалната власт треба да биде подетално регулирано, затоа што во себе крие две опасности:

Едната е префрлање на целокупната компетенција, а со тоа и товар на единиците на локалната самоуправа, и

Второ, во зависност од позициите на политичките субјекти во тие единици можност за злоупотреба инкриминирање и практично згаснување на дејности што постоеја или постојат.

Министерството не може со класификацијата - локален интерес, да се огради комплетно од она што значат институции во единиците на локална самоуправа. Сигурно дека во таа насока не треба да ме сватите дека сум заговорник, дека не треба да се следи времето и она што не опкружува. Сигурно дека се работи за едно друго време и дека овие институции мора да се прилагодуваат и мора да најдат други начини на активност и на алтернативи на она што е веќе надминато.

И на крајот, сметам дека ќе има доволно време сите забелешки, за кои најмногу ќе верувам дека се искрени, поаѓаат од нашето опкружување, не сакам да ве заморувам со она што значат институции

од оваа област во Тетово и тетовско, добро се познати, верувам дека со самото анимираше на пошироката јавност овој закон во основа ја постигнува својата основна цел.

Понатаму, зависи колку ние ќе вградиме од она што го дискутираме во она што е ќе следи во следната фаза, во амандманската расправа кога сите овие забелешки ќе треба да бидат преточени и практично.

Благодарам.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Со оглед на тоа што се водеше исцрпна дискусија во ова Собрание, во собраниските комисии а и во јавноста, ќе се обидам сосема накусо да ги изнесам моите видувања по овој предлог за донесување на закон и притоа ќе настојувам да не го повторувам тоа што веќе беше кажано.

Неоспорно е потребно а и крајно време е, би рекол, да се донесе овој закон. Како што е познато тој веќе многу доцни.

Како што кажаа и другите пратеници, како што кажа јавноста, се создаде општ впечаток дека по сите овие дискусии, постојат бројни забелешки по овој закон.

Јас се надевам дека министерот а и Владата како предлагач на овој закон ќе има доблест и ќе ги прифатат овие бројни забелешки, се со цел да се постигне изготвување во наредна фаза на Предлог-закон, да се постигне изготвување на еден многу поквалитетен закон.

Општ впечаток е исто така дека постои огромна централизација во рацете на еден орган, во рацете, пред се на министерот, централизација каква што досега не е постигната со ниту еден закон и каква што не постои во ниту едно министерство.

Јас би набројал само неколку примери на оваа огромна централизација, слевање на огромна моќ во функција на одлучување на само еден човек.

Почитувани пратеници, лошите состојби во сите сфери на културата, особено во најзначајните установи во државата како што се МНТ, Драмскиот театар, Операта, Танец, како што е состојбата во

Македонската филхармонија и во многу други, не можат да се решат централистички. Преголеми се овластувањата само на еден човек и оттаму во разрешување на сите овие проблеми мора да се вклучат многу повеќе субјекти, а притоа да се прашаат и оние кои работат непосредно во културата, бидејќи тие најдобро ги знаат и ги чувст- вуваат тие проблеми.

Околу оваа централизација, како што реков, би навел само неколку примери. Имено, министерот одлучува за именување на членови на Советот, а притоа не се дадени некои барем основни појдовни критериуми,врз база на што тој Совет ќе го избира, односно именува. Министерот одлучува за ангажирање на странски стручњак, на пример во Македонската филхармонија, Опера, Театарот и тн., а без притоа да има влијание некој друг орган и оттаму министерот не може да биде стручен, на пример кој диригент од странство за кој период треба да го ангажираат. Тоа право треба да биде на самите установи. Ние имаме проблеми каде во Филхармонија имаме на пример за одреден период одредени диригенти, одредени музичари а можеби во иднина ќе се јави уште поголема потреба за такви стручњаци од странство. Значи не може еден министер без оглед кој и да е, да биде стручен во толку многу сфери.

Во комисиските расправи беше кажано дека законот дава едни преголеми овластувања на Министерството за култура и што би се случило доколку дојде некој друг понекомпетентен министер, министер од друга партија и тн. Јас би укажал само дека нас не треба да не оптоварува кој е сегашен министер и кој ќе биде нареден министер. Ние треба да направиме едни здрави патишта за развојот на македонската култура од сите овие сфери и не би требало да има никаква важност да се оптеретуваме со тоа кој ќе биде, дали министерот ќе биде компетентен.

XII/3.-

До колку се донесе еден квалитетен закон, до колку се утврдат сите патеки по кои ќе се движи културата, не мора да биде битно кој ќе биде министер, бидејќи ќе имаме јасно дефинирани правила на игра.

Министерот исто така одлучува, односно ги именува директорите на националните установи. Министерот решава по жалби против решенија на управниот инспектор. Овде мора малку пошироко да елаборирам, покрај тоа што господинот Чадиковски вчера укажа на некои незаконитости, бидејќи пак по решението на управниот инспектор се поднесува жалба до министерот за култура. Морам да кажам дека ова е сосема незаконски, спротивно на начелото на двостепеност во управната постапка. Министерството за култура треба да по легне во одлуките на Уставниот суд, бидејќи тоа се случило во Министерството за финансии во Царинската управа каде што се укинати тие одредби каде што беше предвидено еден ист орган да одлучува во прв и во втор степен. Тоа е недопустливо од правна гледна точка и тоа во втора фаза мора да се измени, а бројни се такви примери каде што на пример во Царинската управа по второстепеното решение беше задолжена Владата да формира комисија. Значи и овде мора овој груб превид, верувам дека се работи за лапсус, можеби недоволна консултација на другите закони. Во рамките на оваа сфера би препорачал предлагачот да ги проучи другите закони и да вили дали е компатибилен овој закон со други закони и законски решенија.

Овој закон исто така предвидува многу мали надлежности на Собранието. Национална установа треба да формира исклучиво Собранието, не Владата. Исто така овластувањата на министерот да донесува годишна финансиска програма, единствено тој да склучува договори со одредени уметници или културни установи е навистина несватливо, бидејќи за толку многу сфери на културата, бидејќи постојат

навистина многу сфери во културата, не може еден човек да одлучува и не може целиот развој на културата да зависи само од министерот.

Мислам дека и ова околу годишната финансиска програма дека и овие одредби мора да се коригираат.

Јас, исто така, би рекол дека немаат соодветен третман аматерските друштва, сите знаеме какви успеси постигна на пример хорот од Тетово "Менада", какви резултати постигна мандолинскиот оркестар при Младинскиот културен центар, какви други бројни успеси разни аматерски друштва постигнаа, меѓутоа, навистина овој закон не создава простор за развој на аматеризмот во оваа сфера. Од таму сметам дека во наредна фаза би требало да се дополнат овие одредби, а исто така постои големо незадоволство од несоодветниот третман на фолклорот кој е, според мислењето на луѓето кои работат во фолклорот, навистина запоставен, бидејќи имаме бројни квалитетни фолклорни друштва како што се Танец, Орце Николов, Мирче Ацев, Китка и други кои реагираат во соодветни тела на Министерството за несоодветниот третман и јас мислам дека фолклорот мора да си го најде својот третман особено оној аматерскиот фолклор кој што, како што реков, нема соодветен статус, односно нема соодветен третман.

Постојат бројни барања на уметниците да се прошират оние, условно да кажам, работни задачи кои би требало да имаат бенефициран минат труд, се разбира, тоа се решава со друг посебен закон, меѓутоа, овде во овој закон како општ закон во однос на тие посебни, треба да создаде предуслови за решавање на тој бенефициран стаж.

Најголеми реагирања, почитувани пратеници, беа на членот 99 од Предлог на законот каде што е кажано дека работата се заснова со склучување на договор за работа помеѓу работникот и деловниот директор на установата за период од три години по предлог и согласност на уметничкиот договор. Луѓето од културата, од уметноста реагираат на овој член, бидејќи сметаат дека со тоа би се загрозил нивниот статус и нивната егзистенција која ја остваруваат со години и би биле во еден многу понеповолен третман да зависат исклучиво, пак би рекол, повторно од волјата на Министерството, бидејќи министерот ги именува овие директори на овие установи, така што навистина еден човек да раководи со три или четири илјади вработени во културата како што кажа и самиот не би било целисходно, би било можеби погубно за овие работници во културата и јас мислам дека ние треба да го слушнеме нивниот глас и да ги прифатиме нивните забелешки, доколку остане во втора фаза, овој член да биде корегиран.

Само накратко ќе се задржам членот 102 од дадениот Предлог, каде се регулира начинот и постапката на штрајкот во националната установа, поточно со овој предлог законодавецот фактички условно, ако би се усвоил овој закон, би извршил суспензија на право на штрајк и тоа би било спротивно со Законот за штрајк и со Уставот на Република Македонија и другите законски прописи. Оттука сметам дека до наредната фаза има доволно време овие забелешки и од пратениците, меѓутоа и од луѓето во културата, бидејќи, верувајте, тие најдобро ги познаваат состојбите, а меѓу нас имаме доста пратеници кои работат во оваа област и оттаму апелирам до предлагачот да покаже доблест и разбирање за забелешките на пратениците и забелешките на луѓето во културата.

Благодарам.

XII/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Листата на дискутантите е исцрпена. Но, збор бара господинот Арсовски. Имате право и вие на дискусија.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, јас ќе настојувам да бидам краток, бидејќи моите колеги од Социјалистичка партија, односно од групата на Социјалистичка партија не се јавија и сакам со неколку реченици да кажам, бидејќи ме иритираа некои дискусии тука и направија една драматична ситуација како да ние практично во Република Македонија немаме култура и сме доведени во ситуација дека ептен што ќе работиме понатаму. Меѓутоа, лично сметам дека ако така се анализираат состојбите, можам слободно да кажам дека има и други дејности кои се наоѓаат во многу тешка состојба, ако го споредиме едно здравство, ако споредиме едно образование и тие дејности не се така на посебно ниво, па за да речеме сега ете културата како култура е сепак запоставена од државата. И јас правам разлика, искрено да ви кажам, заради тоа што сепак ние мораме да издвоиме она што значи вредност за државата, што е национален интерес на културните добра и ние како држава мислам дека тука и законот ги заштитува, а она што значи само дејност, аматерски дејности, тие треба да се развиваат во рамките на она што и даваат одредени материјални можности.

Лично, јас како Бранко, како пратеник на пратеничката група на Социјалистичка партија го прифаќам овој предлог за донесување на закон заради тоа што, ако се сеќавате, ние овде на три пати се навраќаме на овој проблем, посебно дискутиравме своевремено кога имавме одредено филмско прикажување на состојбите во културата, по втор пат имавме извонреден материјал тоа е Информација за состојбите

на културата и еве денеска гледам пак се навраќаме со истата дискусија за да ја потенцираме состојбата во рамките на културата. Меѓутоа, лично сметам дека треба побргу да го донесеме овој закон заради тоа што, ако се сеќавате, културно-просветните заедници беа укинати, СИЗ-ови за култура се укинати, немаме норматива во оваа област и еве дај боже сега да го донесеме овој закон, да ги регулира односите во културата. Јас не сваќам дека било каков закон со каква содржина треба да го донесеме дека веднаш културата ќе стане една од најдобро организираните, да не кажам и помагани од државата. Сепак културата е надградба. Ако човекот нема животен стандард, материјални добра да се нахрани, ако нема добро здравство и образование, мислам дека е апсурд да зборуваме за некоја друга култура освен она што го тврдам што е од национален интерес. Во тој контекст мислам дека треба да бидеме реални и објективни и дури лично предлагам ако овој закон дава можности да се рационализира во рамките на културата ние тоа треба да го направиме и во никој случај не смееме да правиме паралелизам во рамките на културните институции, она што го потенцираа голем број на дискутанти дека бараме сега театри на националностите, па незнам опери. Мислам дека сите овие опери, ја имаме Македонската опера, да не кажам Македонскиот театар би требало да дојдат во функција сите граѓани во Република .Македонија од било кое национално обележје да ги користат во функција на една рационалност. Меѓутоа, мораме да сфатиме дека ако одиме кон тоа да ги шириме сите институционални објекти, тогаш ќе дојдеме во ситуација културата пак да падне во таа ситуација.

Имам една општа забелешка дека во оваа дејност на култура ние допуштаме и претерано да се шириме. Еве јас ќе ви покажам дека ние во секој град имаме фестивали. Па, од каде тие пари ги наоѓаме за фестивали кога секој фестивал чини 60 до 70 илјади ДМ замислете колку

сме богати во културата. Значи, ако во Тетово имаме два фестивали, во Куманово, Валандово, Струмица, сепак на еден индиректен начин преку спонзори доаѓаме до големи средства да вложуваме во самата култура. Тогаш дали е тоа исправно, па дури поставувам прашање еден мој професор вели, односно пишуваше за социопатологија во едно социјалистичко општество, па вели дали некогаш не се јавува тој личен интерес, па да има и патологија таму. Тоа со голема резерва го кажувам, меѓутоа зборувам за едни односи што ние сега, има една сериозна експанзија на фестивали и на се она што се организира да кажам естрадни уметници кои се увезуваат од надвор за големи пари. Значи, ако е тоа така тогаш не би требало да зборуваме дека трошиме големи пари за култура.

Во тој контекст не сакам да ве гњавам, лично сметам во името на мојата пратеничка група го прифаќам комплетно законот кој е предложен и во тој контекст добро е она што сега е предложено од повеќе дискутанти ако има место нешто да се дополни и измени инаку мислам дека нема ништо идеално ниту можеме да направиме идеален закон кој може да ги подмири сите наши потреби и желби.

Деновиве читав од големи уметници кои даваа свои коментари во "Нова Македонија", "Вечер" и други списанија дури и тие се во дилема каков закон треба да направиме за да ги подмири сите потреби и обврски. Во тој контекст мислам дека Министерството има направено еден фин закон, треба да го поддржиме и мислам дека преку култура нема реклама на партија ниту на индивидуа. Сите луѓе знаат дека ако човекот се најал добро, ако имаме здравствена заштита, ако имаме образование, тогаш културата сама по себе ќе си дојде. Зошто? Па јас имам пари да отидам во театар, ќе си платам и тогаш ќе имаме и самофинансирање и нема сите театри, односно културни домови да

висат на Буџетот и да го оптоваруваат Министерството за култура. Да завршам, значи му давам поддршка на Предлогот за донесување на закон за култура.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Дали имаме можност да гласаме за заклучокот? Ве молам пратениците да влезат во салата.

Колку пратеници имаме? (30).

Ги молам службите да ги повикаат пратениците. Бидејќи имаме доволен број на пратеници, можеме да преминеме на усвојување на заклучокот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за културата.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите од работните тела како и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието да се достави до Владата на РМ и Министерството за култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Сакам да ве замолам, бидејќи го донесовме законот за основање Јавно претпријатие на МРТВ, беше добро и упатно да го донесеме и Законот за основање јавно претпријатие за пренос и емитување на радио и телевизиска програма.

Дали можеме да работиме со оглед на тоа што 61 пратеник се тука, а имаме 12 амандмани по тој закон.

(пратениците се согласуваат да работат)

Добро, тогаш ќе се обидеме да бидеме експедитивни, да го донесеме и овој закон, бидејќи имам замолници од група пратеници за побрзо да завршиме.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за основање јавно претпријатие за пренос и емитување радио телевизиска програма, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставен односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесувавме на закон за основање на јавно претпријатие за пренос и емитување на радио и телевизиски програми.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (53)

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање?

Колку пратеници се присутни во Салата ве молам?

Има доволен број пратеници, очигледно некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Само неколку реченици би сакал да кажам. Потребата за донесување на овој закон воопшто не е спорна, посебно ако се има

предвид фактот дека вчера го донесовме законот за јавното претпријатие Македонска радио телевизија, меѓутоа, неколку работи неодложно е да се спомнат од оваа говорница.

Прво, нејасен е концептот што го нуди Владата дали на комерцијалните радио дифузни претпријатија кои ќе добијат концесии за емитување програма на државно ниво, што значи дека ќе покриваат над 70% од населението во РМ ќе им се овозможи да градат своја сопствена инфраструктурана мрежа, значи предаватели и врски на територијата на целата земја за емитување на својата програма или ќе ја користат инфраструктурата што сега ќе биде на располагање во јавното претпријатие.

Доколку со овој закон врз основа на законот за телекомуникации на тие радиодифузни претпријатија, веројатно амбиции имаат Сител, А1 и да не ги набројувам им се овозможи паралелно со државната мрежа да градат своја мрежа, мислам дека основањето на вакво јавно претпријатие не е добро, затоа што МРТВ како претпријатие од јавен интерес на државата ќе биде во нерамноправна положба и хендикепирано во спроедба со нив затоа што тоа ќе биде само за подготвување и емитување на телевизиска програма, додека овие, другите, комерцијални радио телевизиски станици ќе имаат можностд покрај тоа да располагаат и со своја мрежа-за емитување на тие програми на територијата на целата држава.

Мислам дека не е добро за Македонија решението на комерцијалните радио дифузни претпријатија да им се даде можност да градат своја сопствена мрежа затоа што се работи за многу чувствителна материја, посебно ако се има предвид фактот дека со овој закон е овозможено јавното претпријатие за одреден надоместок да врши такви

услуги и за комерцијалните радио дифузни претпријатија кои ќе емитуваат програма на територијата на целата земја, заради надоместок и можеби подобро решение е да дојде до договор помеѓу Владата односно ова јавно претпријатие и тие комерцијални дифузни претпријатија што ќе добијат такви концесии да ги отстапат своите предаватели и врски затоа што тие и онака се градени без соодветна документација со исклучок на предавателот што го користи А1 кој е лоциран на Водно кој потоа го присвои Владата на РМ. Сите други се градени без соодветна документација, а за сметка на тоа да бидат ослободени од плаќање на услугите за користењето на другите антенски столбови за одреден период во зависност од идните кои ќе бидат предвидени во ова јавно претпријатие.

Инаку, искуството од државите се таму каде што почнале да се развиваат овие национални, односно јавни радиодифузни претпријатија и во нивниот склоп да бидат предавателите и врските не се одлучуваат на нивно издвојување во посебни претпријатија дури е интересен податокот во Турција каде што со закон беше во Парламентот усвоено решение како што сега ние ќе го усвоиме да бидат издвоени предавателите и врските, меѓутоа, подоцна со одлука на Уставниот суд беше поништен тој закон и предавателите и врските повторно беа вратени на националната радио телевизиска куќа.

Од тој аспект мислам дека има потреба заменикот министер да го објасни тоа или во спротивно да го земат ова во предвид као размислување затоа што навистина се работи за многу важна работа бидејќи тоа е ем чувствителна материја, ем многу скап систем на изградба на предаватели и врски на целата територија на државата и посебно е спорно и дискутабилно затоа што МРТВ е претпријатие со

Управен одбор биран од Парламентот, а ова јавно претпријатие со управен одбор биран од Владата и тука може да дојде до судир на интересите, затоа што ова претпријатие ќе врши услуги за МРТВ и за сите други радио дифузни претпријатија во РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Бранко Петковски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, г-динот Коцевски на некој начин практично и даде одговор на неговата дискусија, а се однесува на тоа дека со овој закон се сака да се постигне едно техничко технолошко единство на системот. Тоа значи практично ако сакаме ефикасно работење во оваа сфера, ако сакаме да се средат работите и она што значи заштита на дифузниот простор, тогаш и ова претпријатие кое што се предлага да се формира трајно треба да ги уреди овие и квалитетно д ги задоволи овие потреби на корисниците на овие услуги.

Практично во член 7 одговорот е даден на ова прашање на г-дин Коцевски во кое што се вели дека концентрацијата на техничките можности на државата и сите радио предаватели и она што значи следењето на техничките достигања во Европа и пошироко, треба да се концентрираат во ова претпријатие, бидејќи тоа претпријатие не само што има инфраструктура, не само што е должно да ја штити мрежата, туку напротив, треба и да ги унапредува техничките можности за да може услугите да бидат на овие трговски радиодифузни друштва што ќе се

формираат во комплексен смисол на зборот и удостоени. Тоа значи оние што ќе добијат концесии, би требало да ги користат услугите од ова јавно претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот. ЗКП поднесе амандмани на член 11 алинеја 3 и на член 19 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на членовите 1 и 4 и на член 13 став 2, со кој не се согласил претставникот на Владата.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 4 на член 7, став 1, на член 9, член 10 став 2, член 13 став 1, член 14 став 3, член 16 и на член 22.

Пратеникот Рисот Масев поднесе амандмани на член 10 став и на член 11 за додавање нова алинеја 3, по алинејата 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими и Хисни Шакири поднесоа амандмани на член 3 став 2, член 5 став 1 алинеја 4, член 14 став 1 и на член 21 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Законот и на членовите 1 и 4 поднесен од Комисијата за сообраќај и врски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, за додавање нова алинеја по алинејата 4 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 алинеја 4, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3, поднесен до пратеникот Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 11 з'а додавање нова алинеја 3, по алинејата 2, поднесен од пратеникот Ристо Масев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, поднесен од Комисијата за сообраќај и врски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 14 став 1, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Ниту еден)

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 3, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Рами Туда, Сами Ибраими и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Петковски, заменик министер за сообраќај и врски.

**БРАНКО ПЕТКОВСКИ:**

Владата овој амандман го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за основање на Јавно претпријатие за пренос и емитување на радио телевизиски програми.

(некој од пратениците реагира, вели, со промената)

Да, со промената, точно, бидејќи се усвои амандманот.

Има уште точки, меѓутоа, јас предлагам да прекратиме со работа, дозволете ми само, бидејќи утре е голем празник, на дел на нашите

граѓани од исламската вероисповест, во ваше и во мое име на припадниците од исламската вероисповед во Република Македонија да им го честитам утрешниот празник, Рамазан - Бајрам.

Продолжуваме во вторник на 3 февруари во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,15 часот)